**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Сто и првата седница на**
**Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по Информацијата за употреба на сила во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид.

За збор се јавиле неколку пратеници.

На ред е пратеникот Исмет Рамадани, меѓутоа пратеникот Исмет Рамадани не е присутен.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сеуште смета дека лидерот на СДСМ, нашиот колега Бранко Црвенковски, на трибината во Прилеп и потоа на трибината во Струга ги навреди припадниците на формациските безбедносни сили на Република Македонија, нарекувајќи го погрдни зборови, припадници на животинско царство.

Ние како пратеничка група, на последното продолжување од оваа седница побаравме господинот Бранко Црвенковски да дојде овде пред своите колеги и уважувајќи ја македонската јавност и своите колеги, да се извини јавно или да даде макар едно образложение зошто ги употребил таквите погрдни зборови, нарекувајќи ги припадниците на безбедносните сили.

Со оглед на тоа што господинот Бранко Црвенковски сеуште тоа не го стори, не постапи по тоа наше барање, ние ќе му овозможиме уште еднаш, ќе побараме пауза од еден час, да дојде господнот Бранко Црвенковски и да го стори тоа должно и нужно извинување пред македонската јавност.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Не е проблем за пауза. Јас пауза ќе дадам затоа што тоа е право на секоја пратеничка група, да бара пауза. Меѓутоа ние не можеме да го натераме господинот Црвенковски да одговори на вашето барање. Значи и после еден час пауза тој може да не дојде. Затоа да ги имаме во вид овие околности. Сепак ние после еден час пауза можеме да продолжиме и без тој да биде тука присутен.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Ние се надеваме дека моралот и доблеста на господинот Бранко Црвенковски ќе проработи и дека тој ќе се појави пред оваа говорница. Во случај да не се појави ќе го сметаме дека истиот се обидува да ја блокира работата на ова Собрание. Но, за да не бидеме ние обвинети на таква работа, ние ќе продолжиме со учеството во дебатата по оваа точка.

**ИНЈАЗ ХАЛИМИ:**

Давам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,35 часот.)

Да одиме по ред

Бидејќи господинот Исмет Рамадани не беше тука пред паузата и сега пак не е тука, на ред доаѓа господинот Ѓорги Спасов.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Долго време се колебав дали да говорам јас за настаните кои се на дневен ред на оваа седница. Како одминуваше дебатата од својот почеток, се повеќе станував убеден дека е целосно бесмислено да се обидуваш да убедуваш некого да види нешто што тој реално не може да го види или уште пострашно ако тој тоа нешто едноставно не сака да го види.

Историјата на човештвото е преполна со примери на луѓе изгорени, убиени и прогонети само затоа што малку порано од останатите виделе нешто што мнозинството не можело да го види, или што дознале нешто што мнозинството не сакало да го дознае. Вистината и новото сознание секогаш ги загрозувале постоечките авторитети и тие грчевито се бореле да го држат населението и човештвото што подолго во заблуда и во незнаење. Тиранијата на мнозинството, па дури и кога тоа мнозинство се сведува само на мнозинство во еден парламент, велат учените филозови не е ништо помалку опасна од тиранијата на еден деспот или тиранијата на една партија. Единствениот спас од таквата тиранија е можен преку успешната заштита на универзалните или општо човечките малцински човечки права

со закон  и кога власта на мнозинството ќе биде вистина ограничена со тој закон. Во таквите општества вистината не се прогласува со надгласување, бидејќи еден единствен човек може понекогаш да биде и подобро и подалеку од еден цел народ. Добар пример за тоа е приказната на светски познатиот Маршал Маквоан кој раскажува за пилотот кој по дефектот на неговиот авион паднал среде џунглата во едно племе каде сите припадници на тоа племе биле слепи. Пилотот се обидувал да им каже на луѓето дека постои ден и постои ноќ, дека небото е сино, дека дрвјата се зелени, дека постојат различни бои, дека постојат различни птици и дека тие тоа не можат да го видат. По долго време советот на племето, советот на слепците се состанал и почнал да разговара за тоа што е она што го зборува човекот. Дошле до заеднички заклучок дека дојденецот од небото има една тешка болест. Таа болест се состои во тоа што тој има нешто што самиот го нарекува очи. Единствениот начин за да го направат да биде разумен и способен и здрав како нив е да му ги извадат очите и тој од тогаш па натаму ќе ја изгуби таа наводна илузија што му ја создаваат очите што тој ги има.

Тоа го раскажувам за да се сфати дека во едно општество е можно да се затвораат очите пред некои појави доста долго и тоа да биде прашање на слободен избор на тие што ги затвараат. Но кога некој затворањето на очите ќе се обиде да го претвори во систем и да им го наметне на другите како правилна и вредна мудрост, или тоа од нив ќе се бара под закана, тогаш општеството може да доспее во светот на слепците.

Убеден сум дека Македонија нема да оди во таа насока, бидејќи многу поголеми силници од денешните, од времето на Самоил до денес не успеале да му ги затворат очите на македонскиот народ. Сепак бројни се обидите за манипулација со народот, за извртуваше на фактите и за себе прикажување на некои политички личности, во светлина во која тие би сакале да бидат видени, а не во онаа во која македонскиот народ одамна ги гледа. Еден таков мошне сериозен обид за манипулација во ова Собрание направи министерот на полицијата Љубе Бошковски, со својот говор по повод настаните за кои расправаме.

Ако некој сериозно го следеше неговиот говор можеше веднаш да забележи дека тој бесрамно лаже. Еве го првиот доказ.

Тој го започна својот говор со изјавата: "немам намера да зборувам како партиски припадник". Потоа во текот на целиот говор говореше исклучиво во својство на министер на партиска полиција. Така на пример тој си дозволи да каже дека оние од СДСМ, значи не неговите, ги немало на Радуша кога тој се борел. Ги обвини за сервилност кон Европската Унија за разлика од неговата кооперативност и за готовност да дадат се само да се вратат на власт без ВМРО-ДПМНЕ. Овој свој партиски, наводно необоен говор министерот на полицијата го заврши во стилот на неговите митинзи со пораката искажана во занес и дочекана со аплауз од неговите сопартијци овде дека тој, првиот полицаец на оваа држава ќе ја донесе победата на неговата партија. Значи господинот министер не дочека да поминат ниту две минути откако изјави дека нема да говори како партиски припадник, а по-тоа да говори за наша партија, наш партиски претставник во Кавадарци, ваши, оние од СДСМ и тн. Со други зборови господинот министер и ако некого еднаш фатите во лага, многу е веројатно да ве лаже  и за останатите работи. Така на пример со многу патетика и чувство на лични страдања кажа нешто и за настаните за кои расправме денес. Но што кажа:

Прво за настанот во Теарце рече, му било многу жал за Павле Тодоровски, потоа припадниците на безбедносните сили не го тепале, туку некои други кои тој ги знае, ама по се она што ни се случува не сака да им го открие идентитетот. И кој да му верува.

Во домот на Павле Тодоровски кој останал во Теарце да го гради меѓуетничкиот мир, дури и во времето кое министерот на пблицијата го оценува како време во кое немало услови за праведен мир, влегуваат ноќе петмина наоружани бандити облечени во црни униформи и го претепуваат до бесвест, нарекувајќи го национален предавник на македонскиот, а не на албанскиот народ.

Министерот заборава да наведе дека на Павле Тодоровски ова не му се случува ниту еднаш пред доаѓањето на припадниците на единицата на македонските лавови на тој реон и дека Павле Тодоровски е тепан половина час по враќањето дома од состанок со претставникот на Европската Унија, Лероа, на кој состанок Павле јасно ставил на знаење дека Љубе и лавовите не придонесуваат за враќањето на мирот и на меѓуетничката доверба во тој реон.

Министерот денес самоуверено тврди дека тој речиси ги знае сторителите на ова дело, но како и во случајот со

Арачиново, од почетокот на војната за кој случај дури и премиерот тврдеше дека е јасен и расчистен, можно е веројатно дека и во овој случај нема некој да биде обвинет. Помислил ли господинот министер каква е негова-та улога во поттикнувањето на овој вид насилство кога оди наоколу низ Македонија и кога говори дека тој ја завршил битката со терористите и дека е време сега да се пресмета со националните предавници на Македонија. Помислил ли тој колку малку им треба на некои негови партиски војници, облечени во полициска униформа, да започнат да ја извршуваат оваа света должност и без некоја посебна наредба. И што ќе се случи во Македонија која одамна врз основа на инспирација од неговите говори е испишана со графитите кои гласат "со шиптарите завршивме, доаѓаме по вас комуњари". Помислил ли господинот Бошковски дека бандитите во црни униформи кои ноќе и подло влегуваат во дбмови и тепаат политички неистомисленици, дека будат кај овој народ морничави сеќавања на некои фашистички хорди и дека со право секој од оние штр не е во. милоста на министерот Бошковски.може да се запраша кој ќе биде следниот. Од таму настанот со Павле Тодоровски го заслужува нашето внимание и има потреба од негово целосно расветлување.

Второ, од настаните во Прилеп. Извлечени се од алеата на хероите украдени и продадени како старо железо бистите на симболите на националното ослободување на македонскиот народ и на антифашистичката борба Кузман Јосифовски-Питу, Мирче Ацев, Борка Талевски и останатите, а истата вечер е униште и скрнавен споменикот на жртвите на антифашистичкиот терор од Долна Дабница Клиевско за кој денеска има информации дека е исечен на парчиња и однесен во непознат правец.

На министерот се му е јасно. Ги извадиле деца кои не знаат што се 200 кила и тој жали за тоа. Дали министерот помислил зошто тоа токму сега ни се случува. Зошто се случува тоа само неколку дена по кршешето на нелегално поставената спомен плоча на Мара Бунева од страна на љубителите на ликот и делото на Ванчо Михајлов кое неле-гално поставување нашиот министер на полицијата го поздрави. Знае ли министерот дека припадниците на здружението "Радко" кои го организираа тој чин имаат свое видување на историјата според кое војската и полицијата на царот Борис во Македонија за време на Втората светска војна биле ослободители, а не сојузници на Хитлер, кој им дозволил Македонија да ја окупираат и дека нашите херои од времето на Националноослободителната војна, односно нашите партизани тие ги сметаат за србокомунисти чии споменици само им будат лоши спомени. Чудно, како министерот на полицијата не помислил дека тие работи можеби се поврзани.

Дали министерот на полицијата, кој вели дека многу му е жал за овој настан не се запрашал на пример како крадците на бронзени бисти да не знаат што ќе предизвика една таква кражба од могилата на на победените во Прилеп и како на некои крадци на кои им е важна бронзата, а не чија е, не краделе по ред од могилата, туку ги симнале бистите на Кузман, Мирче и Борка Талевски и останатите кои не се една по друго, туку се многу оддалечени една од друга.

И уште едно прашаше кое тој не си го поставува.

Зошто крадците дошле од Битола со такси да крадат вакви бисти од Прилеп. Знаеле ли тие дека не може да се оствари материјална корист која министерот ја смета за главен и единствен мотив во овој случај, бидејќи цената што ќе ја добијат од топената бронза е пониска од цената на таксито од Битола до Прилеп и назад и зарем не е голем ризикот да бидат фатени со тој опасен товар на пат кон Битола. Секако нашиот министер не сака да размислува во таа насока бидејќи ако почне да размислува, може да дојде до улогата на началникот на битолската полиција Димитар Црномаров. За негова информација, тоа е оној началник на полицијата кој тој го постави и кој исто така не го крие своето убедување кој што беше присутен на сите собири на националистичката ВМРО,СМД во Софија на кој што се негираше македонскиот национален идентитет и македонската национална поседност и кој што не го крие своето убедување дека во Македонија всушност не постоела антифачистичка и националноослободителна војна во Македонија, бидејќи бугарите биле ослободители на Македонија. Она што јас се согласувам со министерот е тоа дека, кога вели тој дека не постои нормален ум во државата по нешто вакво би правел, но сметам дека за секој случај тој треба да провери подобро. Проблемот нема да го реши со тоа што во својот говор ќе го цитира пратеникот Амди Бајрам.

Трето, за случајот во Неготино, нема да говорам многу иако јас сум од

Неготино. Завршив во таа гимназија и ги познавам и родителите и наставниците. Директорката Бајатова е сопруга на мој соученик и од истата гимназија и никој, ама баш никој не може да свати до која мера може во .нејзиниот случај на човек власта да му го помати умот. Пред промените директор на таа гимназија беше мојот некогашен професор по латински јазик Коета Ќупов, кој беше почитуван од цел град. Тој ја унапреди гимназијата многу. Успеа да отвори неколку паралелки во кои наставата се одвива целосно на француски јазик, а за своите заслуги доби високо одликување од Француската влада. Првиот ден по промените беше сменет и на негово место беше поставена Бајатова, која реално никој не ја почитува освен министерот за образование. Да ве потсетам, во малите места како што е Неготино и другите луѓето се знаат меѓу себе од деца. Се знаат и по семејствата и таму авторитет не може да се изгради преку ноќ. туку тоа се прави трпеливо и со години и како што вели народната поговорка многу е тешко да станете поп во сопственото село. Се што се случуваше потоа, до тепањето на децата од страна на насилниците кои таа ги повикала да ја бранат од учениците е резултат на опиеноста од власта и чувството на семоќ и недговорност која што всушност се манифестира и со натамошниот однос на Новковски кон настаните и со натамошниот однос на премиерот кон министерот Новковски.

Во врска со случајот во Неготино сметам дека министерот Бошковски беше мошне искрен кога кажа, цитирам: поднесовме кривична пријава против Орданчо Тасев кој на наш, мисли на ВМРО-ДПМНЕ кој е наш, мисли на ВМРО-ДПМНЕ претставник во Кавадарци и брат на директорката и вели Бошковски, повторно го цитирам: агапсевме претставници на нашата политичка партија, значи на ВМРО-ДПМНЕ, што според него се докажало дека нема државен терор во Македонија. Сепак вели министерот јавноста треба да оцени дали има политичка заднина во овој случај и јас се согласувам со него. Само заради поделената фотодокументација дозволете ми да потсетам на фактот дека автомобилите со кои насилниците дошле од Кавадарци да тепаат деца во Неготино се во сопственост на Електростопанство на Македонија.

И на крајот, што се однесува до настанот во Охрид исто така не очекувам да се согласиме околу важноста и степенот на опасноста на појавата сврзана со тој настан. Според министерот тоа не бил напад врз просториите на СДСМ, туку напад на ресторанот "Сердарот" кој се наоѓал под просториите на СДСМ во Охрид. Тоа значи ако беше запален ресторанот со молотовиот коктел и изгореа просториите на СДСМ кој се случајно над него, тоа ќе беше случајност која што тој што го фр-лил молотовиот коктел не ја предвидел. Ете тоа нас најмногу не загрижува. Полицијата не сака ни да помисли дека ние овој чин го чувствуваме како политичка порака, како акт на насилство и предупредување. Зошто ние така тоа го чувствуваме. Прво, тоа не се случило никогаш досега.

Второ, се случи по митингот на СДСМ во Охрид на кој се упатени остри зборви на сметка на Љубе Бошковски, кој во основа не трпи критика и сака да се пресметува со своите политички неистомисленици и Трето, се случува во вечерните часови кога група млади од Охрид се враќаат во доцните вечерни часови од прославата на Десет годишнината на Унијата на младите сили на ВМРО-ДПМНЕ. Зошто сметате дека немаме право да помислиме дека е тоа смислен чин и да бараме тоа да се расветли. Ако министерот на полицијата смета дека во овој случај нема дело ни во обиди ние можеме да сметаме дека тој со својот став и со својата индолентност ги охрабрува оние кои се склони кон овој вид јунаштво. Но дозволете ми да кажам уште неколку збора за тоа како ги разбравме пораките од министерот на полицијата.

**ЃОРГИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Тој ја напушти оваа говорница во вечерните часови во четвртокот околу 18,30 часот, со ветување дека никој не треба да се грижи за својата безбедност додека е тој министер. Очигледно дека оваа порака добро ја сватија само неговите партиски приврзаници, хулиганите и убијците во оваа држава. Имено, само час и половина подоцна во домот на културата "Марко Цепенков" во кој Бранко Црвенковски требаше да говори пред граѓаните на Прилеп, влезе добро наоружана група на политички истомисленици на Љубе Бошковски кои имаа за задача да го оневозможат јавно закажаниот политички собир на една опозициона партија. Тие го искинаа кабелот на видеобимот на кој граѓаните требаше да го следат митингот од надвор, влегоа внатре во салата и викаа: "Предавник, предавник и шиптари, шиптари". Ги предизвикуваа другите граѓани и го оневозможија митингот и создадоа атмосфера во која и фрлањето на една петарда можеше да ги загрози животите

на присутните. Го прашувам денес, тоа ли значеше неговото ветување дека никој не треба да се грижи за својата безбедност додека е тој министер. Само дава дена по неговиот говор е скрнавен споменикот на паднатите борци од Втората светска војна во Кичево, а во Градскиот парк во Скопје се симнати и скрнавени бистите на Крсте Петков Мисирков, Орце Николов и на други херои. Само неколку дена по неговиот говор убиен е од подметнатата бомба братот на еден од припадниците на тигрите од Арачиново и уште еден граѓанин е тешко повреден. Оттука не е доволно министерот на полицијата само нешто да жали и да дава празни ветувања, туку треба нешто и конкретно да направи. Македонија која тој сака да ја ослободува, треба да знае дека беше слободна пред неговото доаѓање во Македонија од Хрватска.

Главниот проблем, сепак сметам дека не е во министерот на полицијата. Човекот толку може и толку знае. Не случајно човекот изјави пред да го постават на висока должност во полицијата дека неговото единствено знаење од таа област го стекнал во периодот додека бил следен од полицијата. Проблемот е во оној што него го убедил дека човекот треба да биде истовремено идеолог и полицаец, да се бори истовремено против тероризмот и да организира митинзи, да биде истовремено тигар, а истовремено питом како зајак, да носи оружје и да остварува цивилна контрола врз полицијата како министер. Тие работи очигледно не одат заедно и кога некого ќе го натоварат со нив, добивате само карикатура која е спој на двете професии, или нешто слично на идеолошки полицаец. Во таков случај добивате човек кој исто како Сталин и Хитлер повикуваат постојано на национално расно, идејно, или политичко единство кое е неопходно да се одбраниме од опасниот непријател кој и се заканува на Македонија, но не пропушта истовремено да каже дека сепак најголемата опасност за Македонија се домашните, или како што тој ги нарекува националните предавници. Бидејќи таквите луѓе се убедени дека само тие се способни да го осознаат националниот, или класниот интерес, тогаш само тие се и повластени и повластените околу нив се способни да ги препознаат и да ги казнат националните предавници во сопствената средина. Од позицијата на ова гледање денес Бошковски е разочаран и јасно посочува во својот говор кој е виновен за распадот на македонското национално единство кое ни било потребно за одбрана на земјата. Тој вели цитирам "почнавме да работиме за македонско национално единство со Бучковски и Илинка, но тоа траеше многу кратко. Ги немаше во Радуша, националните предаваници ги немаше кога се даде наредба од претседателот Трајковски да се деблокира патот Тетово Јажинце, исто така националните предаваници" и ги немало ни тогаш кога тој се борел, а тие сервилно со Европската унија преговарале да се вратат на власт во Македонија.

Со други зборови министерот идеолог пледира за национално единство во Македонија, но неа ја дели на бранители од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, на национални предавници од редовите на опозицијата и на терористи од редовите на албанците. Што да очекуваме од таков министер на полицијата кој се труди од петни жили да не убеди дека е и наш министер. Потрагата по предавниците во сите овие случаи и борбата против внатрешниот и надворешниот непријател, политичката историја покажува дека на крајот завршува со пресметки и ликвидации во редовите на сопствената партија. Тоа е само како една опомена до сите оние кои што се одушевени од неговата политика. Ете, тој министер изгледа дека поверувал во изјавата на неговиот шеф Љубчо Георгиевски дека ако падне Љубе, ќе падне и Македонија и тој е убеден дека ако Хашкиот трибунал покренел обвинение против него, дека тој таму ќе оди како претставник на Македонија. Оттукг тој ни порачува во неговиот говор: Тешко на онаа држава што има кандидап за Хаг. Таа држава според него нема перспектива.

Почитувани колеги, само Слободан Милошевиќ денес си дозволува деновиве да каже дека неговото судење во Хаг е судски процес против Србрија и србскиот народ. Но никој во светот не мисли така. Во Хаг се оди само за злочини против човештвото, ако некој ги има направено, ако ги нема, не треба да се грижи за тоа. Нашиот министер освен што посакува Македонија да стане како Израел по својата способност за борба протв сите надворешни и внатрешни непријатели ни ја изнесе и неговата филозофска мисла за тоа дека сите жртви се исти. Сите тие што загинале според него, загинале за некаков свој идеал и никој не смее да ги разликува. Тоа што на некој идеалот им бил националната слобода и одбрана на својата татковина, а на други освојување на туѓи територии и воспоставување на окупаторски режим, тоа денес веќе не е важно. Тој смета дека сите жртви се исти. Треба да заборавиме на тоа

кој во историјата за што се борел и да се договориме дека убиените нацисти се жртви на коминизмот а убиените.партизани жртви на фашизмот и да изградиме национално единство врз платформата на изедначување на крвниците и на нивните жртви.

И сето тоа замислете по повод инцидентите за кои расправаме. Љубе Бошковски во врска со темата за која расправаме ни кажа и дека оваа партија мисли на ВМРО-ДПМНЕ и оваа власт имале доблест да ги изнесат пред лицето на правдата своите министри и да заменат многу директори штс запловиле во криминалните води. Кога ќе размислам за ова или сеќавањето добро не ме служи или пак Љубе под поимот лице на правдата ги смета и партиските комисии на неговата партија. Од друга страна пак се прашувам ќе дојдат ли на ред пред лицето на правдата и оние министри кои преку ноќ направија куќи на Водно во кои организираат седенки со вино и пршута Љубе Бошковски пред ова Собрание изнесе тешка клевета против судството во Македонија. Според неговото тврдење тоа застанало во одбрана на 250 мега криминалци од Македонија кои според доказите кој тој му ги доставил на судството имале украдено секој од нив над десет милиони долари. Љубе тврди дека ниту еден од тие криминалци ксi тој ги знае не завршил во затвор и дека судството во Македонија го стимулира криминалот односно е негов соучесник. Кога нешто вакво ќе каже министер на полицијата во една држава тоа станува многу опасно. Тој прво јавно од оваа говорница на сите судии што ова Собрание ги има избрано им кажа дека се соучесници и заштитници на криминалот. Тоа значи дека тој располага со информации кои ако не ги обелодени може да ги користи за политич ки уцени врз судиите, и за разорување на судскиот систем. И на крајот се додека не излезе со докази за ова тврдење секој судија од Македонија од негова страна е прогласен за потенцијален субјект на полициска истрага, што во основа значи упатување и на јавна закана. Ваквото јавно тврдење од страна на министерот на полицијата во една држава може да биде и порака до неговите потчинети. Таа порака може да биде разбрана вака. Со оглед дека не постои судство кое ќе им суди на криминалците во оваа држава,време е вие како полицајци да ги превземете работите во свои раце и наместо да поднесувате кривични пријави на лице место да им пресудите. Оттука, господинот Љубе Бошковски ќе мора да се помачи да докаже дело, дел од овие силни обвинувања или во спротивно да се подготви на свој грб да ја почуствува некорумпираноста и чесноста на судството. Јас во оваа прилика нема да зборувам за тоа како Љубе Бошковски не бил сервилен и како некој во државата, туку бил кооперативен бидејќи неговата кооперативност во врска со се за што тврде ше дека нема да се согласи од повикувањето на пунктовите и лавовите па се до донесувањето на Закон за амнестија добива димензии на лигавост. Но ке кажам, бидејки самиот ме праша што треба уште овој министер мислејќи на себе си да направи за сите да бидеме задоволни барем малку.Мојата порака е престани да не браниш Љубе. Аман одмори малку. Почни да правиш во животот нешто што знаеш а ти знаеш и друга работа освен оваа што ти е доверена.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Горѓи Спасов.

За реплика се јави пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Аман Горѓи престани да кажуваш басни од Езоп и од браќата Грим, веќе слушам три дена, во еден сосема друг стил, но нели секој сопствениот говор си го модифицира така како што највеќе му лежи. Очигледно дека басните на Езоп и на Грим и на Ѓорѓи Спасов се најприфатливи за самиот него.

Сакам да го кажам следното. Ова е реплика во име на ВМРО-ДПМНЕ а ќе почнам со следното. Она што господинот Кралевски нели го повтори денеска околу изјавата на Бранко, колку да нема дилеми, да се навратам многу на кратко. Што вистински кажа во Прилеп. Бранко вака рече и колку да ја потсетам македонската јавност. Вика не лавови, тигрови, поскоци цело зоолошко царство нема да ве спаси. Тоа се вистинските зборови кои ги изрече, а претпоставувам дека алудираше на безбедносните сили на Република Македонија. Значи да се нема дилема да излегува Китановски незнам кои пратеници од СДСМ и да негираат нешто што не е така. Тоа е вистинската изјава која успеав да ја забележам пред четири-пет дена објавена на македонската телевизија. Претпоставувам дека господинот Црвенковски говорот во Прилеп што го одржа почна прерано да го слави Свети Трифун, но нели тој е негов проблем и не би сакал во тие работи воопшто да навлегувам, впрочем дека прерано почна да го слави Свети Трипун имаме пример и од минатата седница од некои пратеници на СДСМ. Тиранијата на еден деспот и една партија

претпоставувам дека мислите на периодот на вашетбвладееење 1994-1998 година кога имавте 61 пратеник од СДСМ имавте 28 пратеника од ЛДП имавте вкупно 90 пратеника кои нели секогаш стоеја зад вас. И, што е најтрагично немавте опозоција во македонскиот Парламент. Но вие алудиравте претпоствувам на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ без да потсетите како вие владеевте во тој период. Тоа не значи амнестија на нашите грешки, но не сакам да дозволам некој да ме прави будала дека во изминатиот период на вашето владеаље некој ќе го заборави. Можеби вие заборавивте затоа што бевте амбасадор на Република Македонија во Софија и не бевте во тек што се случува во вашата сосптвена партија. Велите дека народот се држи во заблуда. Вие господа го државте во заблуда 50 години. Вашите претходници. Од 1945 до 1998 година го државте буквално во заблуда. Вие на кои цело време се повикувате. Вие сте нивни легитимни наследници. Вие сте луѓе кои честна исклучоци кои посегнаа по сопствениот македонски народ. Луѓе кои го затвараа и Панко Брашнаров и Ченто. Денеска вие говорите нешто сосема друго. Некој кој го почнал македонскиот геноцид врз сопствениот македонски народ. Треба да ги спомнуваме луѓето кои владееа 50 години, кои воведоа буквалнс тиранија врз сопствениот народ. Кога говорите за светот на слепците, па вие воведовте тотален мрак. Нема да говорам во период на едноумието.

Воведовте тотлен мрак во времето на вашето владеење. Од 1992 до 1998 година. Од која област да земам пример. Од обалста на медиумите. Што значи глас на народот, или глас на одредени уредувачки политики .Па ќе ве потсетам имавме една државна и една приватна телевизија. Денеска имате десетици можеби и повеќе телевизии кои секојдневно зборуваат против оваа власт оправдано или неоправдано. Ако говориме за слепите.на глувите и на немите тоа е периодот на вашето владеење господа. Од 1992 до 1998 година. Велите дека Љубе завршиле дека ќе ја донесе победата. Па факт е дека Љубе Бошковски во моментот собира десет пати повеќе луѓе него вашиот лидер Бранко Црвенковски. Јас и минатиот пат ви кажав. Бранко Црвенковски во Кичево собра 15 души. Имавме за една фудбалска екипа и четиридуши резерва. Па тоа ли е реј-гингот на СДСМ и на Бранко Црвенков ски. Или можеби во тој момент и не бил во обдахновена состојба нели. Таму не почнал прерано да го слави Свети Трипун.

Околу лажењето. Па можам ова да го кажам. Кога говориме за давењето Минхаузен може вода да ви носи. Почнавте со фашисти, а сега не нарековте нашите партиски привrзаници на Љубе, а пошто Љубе припаѓа на ВМРО-ДПМНЕ дека се убиени и хулигани. Мислам на ниеден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ овде не му се случило партиското членство на СДСМ да го нарече хулигани. Иако како политика во периодот на вашето владеење имаше и разно разни случуваша од тој тип. Говорен многу пати за низа неразјаснети убиства, или самоубиства. Па и атентантот на Киро Глигоров. Очигледно дека тој период го заборавивте. Дали ВМРО-ДПМНЕ ќе ги изнесе пред лицето на правдата сопствените министри и луѓето кои беа инволвирани во криминалот. Па прмерот со Љубен Пауновски. Најсвеж пример. Еве во петокот беше повикан на рочиште. Но што со луѓето кои што учествуваа во ТАТ. Што со вашите луѓе кои учествуваа во низа криминални дејанија. Или министерот со тренерки.Господ знае кој е тој. Дали е тука или надвор од вашите редови. Веќе незнам.Значи господине Спасов барам овде јавно да се извинете за она што го изрековте дека партиските привrзаници на ВМРО-ДПМНЕ се убијци и хулигани.

И уште една работа. За жал својствено стана СДСМ сегде да ја кодоши оваа власт, и оправдано и неоправдано. Но најтрагично е што преку тоа кодошење рушење македонско национално единство кое што пробавме да го наметнеме, не го прифативте и на некој начин ги рушите темелите на оваа држава а зашто кога ќе станете ќе ви кажам.И уште една работа која е многу битна. Изрековте многу работи на сметка на ВМРО-ДПМНЕ.На една работа заборавивте, да изречете критички тонови на сметка на оние кои не прават малоумни, како на пример со потпаролот на ОБСЕ извесниот Флорин Паснику кој тие што ги палат македонските куќи рекоа дека го палат од забава. Зашто не најдовте еден збор критички да кажете и јавно да го осудите тоа што тој го кажа. Јас јавно ќе кажам дека такви типови дојдени од низините на Дунав, т.е. Романија не се пожелни овде. Прво нека си ја средат сопствената држава, нека ги средат односите со унгарското малцинство. Па тие суште живеат под импресиите на Чаушеску, па таков демократ од таков тип не е пожелен во оваа држава.Зашто еднаш не излеговте да кажете дека таквите типови треба да си одат.Туку одите како белосветски џамбази и овде и надвор од државата не кодошите. Имајте

храброст,доблест, ако треба да се умре да се умре машки, не како полтрог за кој не обвинувавте во минатото дека премногу сме сервилни и кон запад Исто тоа го правите десет пати во поголема форма него некој наши политичари што го правеа. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Флоровски.

За реплика се јави пратеникот Горѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Немам намера да реплицирам освен да кажам дека ако некој нешто правел во историјата на човештвото или во историјата на политичкиот живо на оваа земја тоа не може да биде за никого оправдување да го повторува тоа во некаква друга форма или во некој изострен вид. Тука ќе престанам со полемиката за се она што го кажа г.Флоровски, а што се однесува до реченицата која погрешно ја разбрале, бидјеќи таа е напишана, бидјеќи по тои стенограм, јас мислам дека би требало да ја прочитаат за да не сметат дека јас во мојот говор сум ги поистоветил партиските приврзаници на Љубе со хулигани и со убијци.

Само за потсетување ќе кажам што кажав. Јас реков дека поракатг дека сите ќе бидат заштитени ја сватиле само партиските приврзаници еднс кои отидоа на митинг во Прилеп да го растурат митингот, хулиганите кои и по тој настан симнуваа и скрнавеа бисти на народни херои и убијци кои го извишија убиството на припадникот на братот на тигрите во Арачинс Оттука се работи за три различни категории кои во натамошната експликаци на мојот текст се објаснети. Оттаму, ако некој разбрал во оваа сала дека ги поистоветувам партиските приврзаници со овие категории, тогаш јас нему му се извинувам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Горги Спасов.

Има збор г-динот пратеник Благој Ханџиски:

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г.дине потпретседателе, почитувани колеги. Верувам дека мнозинството или во најмала рака речиси сите во оваа наша денешна Македонија многу од црнилата што ни се случуваат секојдневно посакуваат, ако може , да не ни се случуваат, да не одминат барем еден ден, недела, месец, или да ги снема засекогаш. Верувам дека сите посакуваат тоа што ни се случу ва еден подолг период да не е наша, па дури и нечија друга, туѓа ствар-ност зашто. таа не притиска од сите страни, зашто е грда во секој поглед и не прави да се чувствуваме крајно бедно, без достоинство, без самопочитување, туку и без толку потребното дека навистина еден ден ќе излеземе од калта во која тонеме се подлабоко и подлабоко.

Незнам зошто деновиве кога целиот свет го следи судењето на Милошевиќ во Хаг јас, следејќи ја неговата одбрана, касетите со најбитн те настани посебно од времето кога војната се сели во нашите домови 90-тиоте години постојано се потсетувам на првите денови од таа војна и на војната во Словенија и на антологиската изјава на еден припадник на ЈНА дадена на вронтот "они као желе да се отцепе, а ми им као недамо" и незнам зошто токму таа изјава цело време ме потсетува на нашата 101-сед-ница. Се прифати предлогот да се подготви Информација за настаните во Прилеп, Охрид, Теарце и Неготино, се закажа седницата, па отпочна со работа, па се прекина заради консултација дали пратениците на ВМРО-ДПМНЕ: ќе прифатат да учествуваат во расправата, па прифатија, па почнавме да расправаме, па почнаа да се бараат 300 изговори да не расправаме и да се прекине седницата. Се разбира, седницата се прекина за прв пат во првиот работен ден, претпоставувам не за друго, туку за тоа што позицијата е убедена дека опозицијата оваа расправа ја бара од пропагандни побуди, а не затоа што има дебели причини и поводи и потреба и од неа и од понудените заклучоци. Дајбоже позицијата да беше во право се што се случува во државата и ги загрижува сите граѓани и вистинските и оние што се стекнаа со право на граѓанско како на пример П&цко, да не е сурова реалноста, туку плод бујната фантазија на опозицијата. Нашиот проблем е токму во тоа некој овде меѓу нас не само што бегаат од таа реалност како Гавол од Темјан, туку се обидуваат да не убедат и нас дска. таа постои само во главите на сите оние што не се на влсᵀи нели сакаат по секоја цена да дојдат на власт дека постојат само во главите на з аведените, изманипулирани, неинформирани грагани, ученици, стуеденти итн. Затоа се развлекува седницата, да се заборави и на настаните заради кои беше подготвена информацијата и свикана седницата и да дојдат нови уште позагрижувачки, погрди за да ги прекријат тие настани зашто со тоа прагот на нашата чувствителност кој од одамна и онака е спуштен до крајни граници ќе падне на уште пониско ниво, на так ниво од кое нема веќе народот да реагира на нив.

Нашиот проблем е тоа што бројот на тие што ја прифаќаат ова филозофија на

владеачките партии смислена да се скрши народот до крај и после да се владее со него како со раја, расте од ден на ден и ние имам обврски да ги канализираме и артикулираме повиците на народот, да се стави кај на беззаконието, на криминалот, на анархијата, на секојдневно тонење во крајна беда и сиромаштија на грабежите на кои им кумуваше и власта, на насилието кое стана наше секојдневие и практично наш заштите знак.

Ние сакавме да разговараме за овие зла, додека се помали, доде ка не се нараснати до таа мера кога може да не проголтаат сите и еве веќе трекa недеља, треки дан, да се послужам со терминологијата на каратистите се обидуваме да ра зговараме за црниот појас или повој што како љиљан се завиткува околу нозете на Македонија и веќе ја држи сопната во место и може да се искачи до нејзиниот врат и да ја задуши како џиновски удав.

Се обидуваме да укажеме дека ако не го сосечеме ова зло во кор( и веднаш може да ја претвориме државата во една диктатура од латиноамерички тип, како што веќе ја квалификуваа интелектуалците и некои од претставниците на медиумите кои први предупредија на опасните води во кои запливавме со ваквото свесно или несвесно толерирање на незаконскотс и насилничко однесување на некои од претставниците на власта.

Се обидуваме да расправаме и да се договориме што треба под итно да се преземе да се избегне промоцијата на еден тоталитарен начин на владеење и практицираше на власта за што може да се изроди во нешто уште пострашно и позагрижувачко. Меѓутоа, засега, како што гледате, резултатите од нашата расправа сеуште се еднакви на нула, а таа се повеќ наликува на дијалог на глувите зашто едните со голема загриженост укажув ат на сите опасности од ваквите појави, а другите тврдат дека тоа не е точно и се задскриваат з ад механизмот познат по зборовите, јас не сум од Скопје, јас не сум од тука, незнам, па спрема тоа таквите појави во македонија ги нема, а ако немкој мисли дека ги има тие постојат само во главите на платените интелектуалци, новинари, на СДС-овците зашто тие се измислени од политички причини или од маркетиншки потреби. Затоа може д кажеме дај боже да е така, дај боже веќе секојдневните црнила што ни се случуваат како на филмска лента навистина да не постојат во реалноста, туку само во главите на тие што по секоја цена сакале да се вратат на власт. Дај боже сето ова да е кошмарен сон од кој само треба да се разбудиме и да видиме дека живееме една розова реалност со секојдневни победи, прогрес и напредок, мирни и безбедни денови во кои "сваким даном у свако: погледу све више напредујемо". Дај боже да се во право сите што од петни жили се обидуваат да не убедат во тоа, меѓутоа, како што знаете поранешната ЈУ Република во која оваа крилатица се издигна на ниво на лозунг, на ниво на државна филозофија, помина низ најстрашната голгота од последната деценија на минатиот век, претрпе огромни човечки жртви и разурнувања и за жал повеќе не функционира како вистинска, туку како обична ка-рикатура од држава. Се работи за БиХ. Ние денеска сме во слична ситуацијс само немаме спремност да ја извадиме главата од песок и да видиме дека нашата релност во секој, па и во овој поглед е многу поинаква, многу погрда од таа што со сила саскаме да ја прикажеме како поубава..

Не сакам да ги толкувам причините на колегите пратеници од владеачката партија ВМРО ДПМНЕ иако се гледаат од авион, за ваквото однесување и бегање од вистината за тоа што ни се случува деновиве.

Жалам што само мислат дека тоа не се однесува на нив. Дека овие состојби не ги засегаат и дека ваквите мали зла, како што тие во досегашната расправа срамежливо ги нарекуваат може и да се проголтаат, леск и безболно да се сварат само затоа што ете се на власт и сакаат да останат на власт.

Притоа, заборават дека во минатото оваа формула ја пробале и многу други народи и могу помоќни држави. Заборават дека почетокот на крајот секогаш така и почнува, денес проголтај едно мало навистина занемарливо зло, утре две поголеми, задутре серија на зла и се така додека еден ден тие не те проголтаат и тебе и твојата држава. Во историјата такви примери има многу. Од оние од триесетите години во Германија и Италија па до оној последниот од последните десет години кај нашиот севе рен сосед. Жалам, што за ваквите состојби во државата кои сеуште може да се надминат со заендички сили, молчат и колегите пратнеици албанци. Како да тоа што ни се случува да не ги засега и нив, како да оваа држава не е заеднички на македонците и на албанците, и на ромите, и на турците и на србите и на бошњаците, и тие се однесуваат како да не се оттука. Како да и албанците не ги трпат истите последици. А американците во кои толку се колнат и им веруваат ги надминаа тие состојби уште во 30-тите години на минатиот век, иако и таму

во времето на макартизмот имаше обид за вакви ретроградни процеси. За жал, нашите градови и тоа независно од тоа дали во нив живее доминантно македонско, албансмко, турско, српско или незнам како се по етникум поделено население. Денес се повеќе наликуваат на Чикаго од 30-тите години, на минатиот век. Секојдневни уцени, изнудувања рекет, минирање на објекти на граѓаните што ќе одбијат. да го плаќаат, пукотници, ранувања, убивања итн.Нашите граѓани независно од етничка и верска припадност никогаш досега не се чувствувале понесигурно, понебезбедно, понеспокојно, и тоа не само како резултат од тоа што ни се случила во кризните региони каде страдањата на македонците одамна прераснаа во најголемата голгота што било кога го снашла овој народ. Туку и заради тоа што неспекојството, немирот, несигурноста во секој поглед станаа наше секојдневие насекаде низ државата, па така денес најмногу се пука, се руши со кашикари, уценува и дури и убива во градовите што служеа за пример на мирна и спокојна средина како што е тоа случај со осквернавениот и ожеднет град херој со Прилеп деновиве.

Нашето општество поминува низ најдлабока,безбедноста, ПОЛИТИЧКА економска, социјална и морална криза. Изгледа дека тоа поприма застрашув ки димензии. Зошто во државата се е веќе испревртено наопаку.Неписменит и аматерите им ги зафатија местата на професионалците и искусните службеници во сите државни институции. Некои од познатите криминалци им ги зафатија местата на најискусните полицајци. Ја превзедоа одговорноста зе мирот и безбедноста на граѓаните, скроена по нивен терк, ги нискосавме сите институции на системот и ги разнишавме сите одбранбени механизми на државата. И така полека полека од ден на ден,Стануваме едно од најкурунпираните и најкриминализирани општества едно од најсиромашните држави не во Европа туку и на Балканот. Едмо време како што знаете бевме американци дури и за Грци,потоа за Бугарите, за Романците, за Србите а денес изгледа и албанците од Р.Албанија станаа американци за нас. А колку што знаеме таквите сложени состојби се и најпогодни за создавање на тоталитарни општертва на диктатури но и за појави на разни спасители и месии. Тоа беше случај со Германија во 30-гите години на минатиот век ео Срби од последната деценија и тоа во вакви услови може да биде случај и со Македонија. Ако немаме храброст да и погледнеме на вистината во очи и ако не реагираме. навреме. А на тој план нашата одговорност, одговорноста на Собранието е и најголема. Беталe или не од неа. Тоа што ,заед ќе го посееме колеги пратеници заодно и ќе го жнееме. Ако заедно посееме ветришта, заедно ќе жнееме бури кои може да не одуваат сите до еден. И тогаш нема да биде важно кој за што се залагал зошто катаклизмата кон која се движевме ќе ја проголта иднината на сите наши граѓани, а најгол мата трагедија ќе биде тоа што без иднина кое и сега ја немаат ќе останат пред се тие на кои им припаѓа најмладите. Затоа е толку битно да се обидеме да ја поставиме дијагнозата на тоа што ни се случува денес, да ги идентификуваме изворищтата на овие загрижувачки состојби и се раз бира да се обидеме да најдеме лек за нив. Затоа е толку битно сите ние овде, а пред се најодговорните во државата да се соочат со вистинатг и сериозно дас се зафатат со решавањето на прашањата што ја регенерираа[г] сеопштата криза во која се наоѓаме.

Притоа, токму однесувањето на најодговорните е и најзагрижувг ко зошто према последните изјави од оваа говорница на пример на министер за внатрешни работи или на спикерот во неговиот кабинет кој што е претвс рен во пресцентар испаѓа дека и тие не се оттука. Еднкот да ти бил од Израел а другиот од Либан. Најзагрижувачко е тоа што токму тие а пред се министерот за внатрешни работи од оваа говроница ги сожали претепани малолетни ученици во Неготинскмата гимназија за да во исто време висо киот раководител на неговата партија кој ги претепа децата го нарече нашиот Јорданчо. На сите ние јасно дека со тоа и му дасде за право и го охрабри да продолжи со теророт што го промовира во образовните институци Загрижувачко е тоа што човекот од кој што се очекува законски да ги сан ционира овие насилнички однесуваша на претставниците на власта на која и припаѓа , во безброј слични ситуации покажал колку е далеку од одговорно министер извршување на функцијата за внатрешни работи и тоа токму во времето кога дражвата поминува низ најтешката криза од нејзиното осамостојуваже. Пример за тоа има колку сакате и тоа уште од времето кога беше и на други функции во министерството за внатрешни работи, кога се замислуваше како да е Елиот Нес од-30-тите години во Чикаго и за разлика од него. Без причина без процедура, без судски налог, упагаше

по стопанските објекти, по куќи на нашите грагани, како што е тоа случај во Валандово кога тероризираше луѓе од 7 до 77 години. Наместо да ги штити и брани граѓаните од насилствата и беззаконието, некој од нив се доведоа во ситуација да бараат чаре како да  се заштитат од некој од претставниците на Министерството со кое раководи.Што да се очекува од минстерот кој раководи со органот за внатрешни работи во овие невремиња на најсложена без бедносна криза кога се потребни мамксимални напори, за успешно раководење со без бедносните стр' тури, за успешни акции, за сузбивање на секојдневните провокации и дивер зии на мировниот план, ако секој ден излегува со еуфорични изјави кога требаат смирувачки тонови, ако секој ден за припадниците на единицата ла вови зборува како за негови лавови, ако на крајот од неговото обраќање од оваа говорница минатиот пат изјавува дека е избран само тој и никој друг да му ја донесе победата на ВМРО-ДПМНЕ на наредните избори. По информаци јата за настаните за кои што расправавме овде министерот одржа нов митинг.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**: (Продолжение)

Штом ќе кажете моите лавови, или јас самиот ќе ја донесам победата на мојата партија, јасно е колку држите и до субординацијата во вашата партија која има лидер кој ви е надреден и како премиер и колку вашето однесување е во согласност со вашите уставни и законски овластувања во државата, или како ја восприемате таа држава за која тврдите дека сте спремни и да загинете. Тоа може да го каже само некој кој смета дека е персонификација и на партијата и на државата, кој се држи до максимата државата тоа сум јас, а така постапуваше само еден од најнеомилените француски кралеви, ама и тој живееше многу одамна, во мрачниот среден век. Затоа се прашуваме зошто е загрижувачко ваквото однесување. Загрижувачко е затоа што нема ништо од одбраната на државата, ако лавовите се само на министерот за внатрешни работи, а не на целиот народ и на сите граѓани. Ништо не правиме ако само министерот Бошковски се бори да ја одбрани државата, а сите други се прогласуваат за предавници, или сервилни спрема меѓународната заедница и така остануваме само со еден единствен патриот. Ништо не правиме ако заложбите за македонско национално единство не ни излегуваат од уста, иако не верувам дека на пример и министерот Бошковски, како што и минатиот пат реков знае какво единство ни е потребно денес, кога сите други, освен себе, ги прогласува за предавници, а себе си, се разбира, се прогласува за единствен спасител, за месија.

Времикњата кои ги живее овој народ навистина се тешки и заради наметнатата криза која има и политички и безбедносни димензии, но пред се и заради катастрофалната финансиска, економска, социјална и морална состојба на која владежачката партија дефинитивни и ни кумуваше до крај. Тие денешни македонски состојби многу наликуваат, како што реков на состојбите од времето на големата светска криза во 30-те години од изминатиот век, а познато е дека токму во таквите времиња, наречени невремиња, се родени за промоција на разни месии и спасители кои во првата половина од тој век го доведоа светот на самиот раб на пропаст. Ни најголемите кризи, ни најголемите месии не траеле долго, во просек десетина, петнаесет години, но тоа не е нешто што би можело да не смири затоа што последиците од нивното владеење траат со децении, ако не и со векови.

Од времето кога низ поранешните југословенски простори се правеа митинзи од по 2 милиони луѓе и кога на месијата кој порача "Нико више неќе да вас бије" му се скандираше Слобо - Слободо, па до пред некој ден кога во Белград на истиот тој месија, или за него се запомагаше Слобода за Слобо, не поминаа ни 15-тина години, ама тоа што месијата Слободан Милошевиќ му го остави како наследство на српскиот народ, не може да се поправи или надокнади никогаш. Затоа тоа што му е потребно на нашиот народ во овие тешки времиња, ни приближно не е тоа што власта му го нуди со еуфоричните изјави, или митинзите кои што ги држи министерот за внатрешни работи, што го нема како преседан никаде во светот и на кој, на сила заради масовност со која овде некои се удираат во гради, се носат граѓани од цела Македонија. Ова се времиња кога ни требаат ладни глави, промислени потези, смирувачки тонови, сериозен пристап кон секоја поставена задача, кога ни треба законитост и ред, а не зпалени глави, тотален неред и анархија, а сето тоа почитувани колеги доаѓа од горе, од првите луѓе, а не од долу од народот. Жалосно е што токму денес, кога со една таква еуфорија се зборува за огромните

успеси постигнати на полето на демократизацијата на земјата, на полето на безбедносен план, граѓаните на Македонија се чувствуваат никогаш понесигурно, никогаш понебезбедно, или најнесигурно и најнебезбедно. Притоа, не мислам само на загрозувањето на нашата безбедност што доаѓа од војната, оти секојдневните провокации во кризните региони и не на сите ризици што ги носи една ваква криза, туку мислам на она што стана наше секојдневие, во сите наши градови и села, криминал, корупција, беззаконие, тотален хаос и несигурност, уцени и тепања дури и на малолетни ученици. Денес во нашата држава царува реваншизмот, осветата и казните спрема сите оние што не мислат како власта, или што се спротивставуваат некои нејзини потези. Ако покажеш со прст дека работите не одат затоа што за раководител е поставен член на владеачката партија со нејзина книшка, 683 соодветно образование, нема квалификации и искуство, ќе бидеш казнет и сменет, или отстранет од работното место. Ако направиш пародија на балот на премиерката, ќе бидеш казнет со покачување на станарината и хранарината во студентските домови со 50%. Ако укажеш дека со измените и дополнувањата на Законот за високо образование навистина се укинува автономијата на Универзитетот, и Ќ8 бидеш казнет со задоцнување на платата од месец или два, што ни Се случи од декември па наваму.

Денес Македонија надвор од кризните региони се повеќе наликува на дивиот запад од 19 век, заради уцените, рекетарството, пукотниците и убиствата на секој чекор. И наместо да Се скријат во дупка тие што ја создадоа ваквата состојба, имајќи ја предвид нивната декларирана "правичност и подготвеност да се справат со таквите зла", на површина и го земаат законот во свои раце токму некои од познатите криминалци, силеџии или речиси целото подземје. Затоа и многу од еуфоричните пораки, како онаа што пред некој ден ја испрати министерот за внатрешни работи од говорницата на ова Собрание -"додека е Љубе Бошковски министер за внатрешни работи сите треба да спијат мирно", се читаат денес веќе сосема обратно, а тоа е додека е Љубе Бошковски министер за внатрешни работи сите треба да спијат на штрек зошто не знаат со што може да ги изненади секој нареден ден.

Почитувани колеги, во 21 век, во демократска Македонија, како што милува да каже власта, а како резултат на тоталитарното однесување кое, нели, не постои во нашата земја, пов8ќе нема услови некој јавно да проговори за актуелните состојби, на поинаков начин од тоа што го кажуваат претставниците на владеачките партии. И не можат да се одржат јавни собири или трибини без да бидат попречувани од подземјето, што самата власт го осоколува и поддржува. И власта, нормално, за тоа не чувствува никаква одговорност. Таквите настани не се одрживаат, а камо ли да се преземаат мерки против се побројните силеџии кои го тероризираат народот. Затоа од досегашниот тек на расправата во кои не се сака отворено да се проговори за тоа што ни се случува, за тоа каде оди и каде ќе стигне Македонија, ако продолжиме вака, можеме да бидеме само уште позагрижени и да гледаме беспомошно на последиците од нашето неодговорно однесување за иднината на нашите млади поколенија. Сега веќе не се смешни туку и крајно ироничи пораките на министерот Бошковски, од минатиот четврток кога обраќајќи им се на пратениците што искажаа поинакво мислење за државниот тероризам, токму од оваа говорница, рече, одете си слободно дома, никој нема да ве нападне за тоа што го искажавте овде на поинаков начин, за да само 2 часа после таа изјава граѓаните на Прилеп беа попречувани нормално да присуствуваат на една трибина, токму од структурите што се поттикнувани и осоколувани од ваквите состојби во државата. Затоа се прашувам за што тоа ние денес зборуваме, за демократска Македонија, лидер на земјите од западен Балкан, за земјата во која владее преспрекорен ред и мир, во која нема уцени, рекетарство, корупција, криминал, појави на тоталитаризам, немир, неспокојство, бесперспективност или за суровата реалност која навистина е грда и застрашувачки сложена и веќе неподносливо.

Се прашувам дали ќе се надвиснеме над партиските стеги и интереси и ќе усвоиме барем некакви заклучоци да зборуваат за тоа дека сепак сме биле на висината на задачите што ги преземовме пред оние што не избраа да ја водиме и раководиме оваа држава во иднина, а не во небиднина. Јас сеуште верувам дека за тоа не е предоцна и се надевам дека и тие што долго време и од познати причини ја имаат потиснато во некој длабок мутлак,

ќе им проработи совеста и ќе тргнат по патот кој значи подобра и помирна иднина за сите нас, а тоа е патот на демократија, а не на тоталитаризмот, патот на почитувањето на луѓето, а не насилие над нив, патот на редот и мирот, а не на анархијата и секојдневните грабежи и подјадувања на супстанцата на државата во која сите заедно се колнеме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот

Благој Ханџиски.

Има збор пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници,

Подолго време Собранието расправа за една многу чувствителна тема. Не еднаш од оваа говорница беше побарано мислењето на албанските пратеници, како да некој доби впечаток дека ние албанските пратеници воопшто не сме заинтересирани за теророт, а посебно за државниот терор. Мислам дека ние, повеќе од било кој во ова Собрание, не само денес, туку од формирањето на повеќе партискиот парламентаризам во Република Македонија имаме зборувано, го имаме кревано гласот за тој феномен. За жал, не еднаш бевме доведени во ситуација да зборуваме сами со себе, затоа што тогаш тие деформации на државните институции и надмашувања на овластувањата на државните институции, посебно на полицијата и војската се случуваа некаде далеку. Тоа е некаде кај албанците. Тоа е некаде во Тетово, Гостивар, Скопје. Но секогаш го потенциравме ова што денеска некој гласно го кажува. Тоа што денеска е далеку утре ќе биде блиску, тоа ќе биде во вашето семејство, во семејството на секој еден во Република Македонија ако на време не се застане на пат. За жал, денеска сме сведоци дека таквите случувања и такви феномени се се поблиску и поблиску дури се приближуваат до нашите домови, до нашите семејства. Се прашувам дали веќе не е доцна.

Денеска, а и изминатите два дена кога се расправаше добив впечаток и се уште добивам впечаток дека се уште не навлегуваме во суштината на она што ни се случува во Република Македонија. Се уште никој не побара, не го дефинира што е тоа државен тероризам. Кои се причиките и во какви околности се појавува. Кои се методите и начинот да се справува, дали е последица на недостаток на демократијата, дали е последица на нефункционирање на правната држава, дали е последица на заминувањето на овие две категории битни за една нормална држава со корупција и владеење на неправдата. Како да се справиме со ова? Јас мислам дека сето ова што денеска излегува на виделина не може да потекнува тек така. Таа сигурно има своја историја, сигурно има свои причини, ние денеска ги гледаме само последиците. Дали во Република Македонија имаше вистинска демократиија во права смисла? Дали поставените прашања од страна на различните групи било тоа политички партии, било да се по национална основа беа разгледувани во едни нормални и рамноправни основи. Дали не значеше кога воспоставивме правило на доминацијата на мнозинството над малцинството дури и по национална основа кршење на основното правило на демократијата. Дали, кога секојдневно се соочувавме со нефункционирањето на правната држава каде што тие што беа во позиција, во институциите на државата треба да донесуваат одлуки и судови не им беше битна и најбитна правата и правичноста, туку други критериуми. Ќе признаеме такви случаеви имавме и ги имаме, но и тогаш и денеска молчиме. Дали признаваме дека во Република Македонија имаме повеќе слојна корупција, институционализирана корупција. Одредени сутуации се оправдани. Одредени случаеви се објективни. Република Македонија 10 години се соочуваше со разно разни провокации и проблеми. Беше под ембарго. Околу неа имаше војна, имаше бегалци. И денеска се случува војна, а секој еден, ќе признае, дека се тоа идеални услови кога во државата нема можност да функционира правото и правната држава, кога нема можност да функционира демократијата, тоа се идеални услови да се устоличи корупцијата и разните форми на криминал. Тоа, за жал, го имаше и се уште го има.

Дали некој имаше храброст уште на почетокот кога ги даваа првите сигнали, првите елементи на појава на државниот тероризам да стане и да каже дека овој феномен ќе прерасне во опасност по државата, имавме такви случаеви. Имавме. Ние и вие условно да кажам како македонци и ние како албанци се дивевме на нашите херои без да имаме јасен критериум кој што е. Ние имавме јасни препораки пред почнувањето на кризата како треба да се справиме со

тоа. Ние свесно или несвесно како пратеници дозволивме Парламентот да се суспендира како механизам на контрола над извршната власт, тоа ние сами го направивме. Ќе ве потсетам, тие 48 часа Парламент, дебати, натегање околу квалификацијата за тоа што и се случува на Република Македонија, успеавме јасно да дефинираме што е тоа. Имаше и градација и квалификација доволно добра основа да се справиме со кризата. Наспроти тоа само 24 часа после тоа заклужоците на Собранието на Република Македонија беа суспендирани од главните личности во Република Македонија. Тогаш не реагиравме. Не го препознавме феноменот на суспензија на Парламентот како контрола на извршната власт. Напротив, почнавме да се прегрупираме и да исфрламе на површина разно разни идеи и оправдувања. Се што ќе се случи е оправдано затоа што тоа се случува за високи цели. Во прашање е Македонија.

Господа пратеници, појавата на тоталитаризам било во Источниот блок или во Западниот блок изразен преку комунизмот или фашизмот секогаш поттикнуваа и исфрлаа на површина високи цели, државни интереси, идеолошки интереси, нацијата, верата и слично. Но, секој еден овде, неколку пати беше кажано, знаеме како завршуваат. Што сееа, а што жнееме. Немавме храброст тоа да го кажеме тогаш. Што сега? Дали некој мисли дека една политичка партија, една политичка гарнитура може да се справи со еден феномен? Јас сум длабоко убеден дека тешко една влада, една политичка партија дека има моќ,сили и воопшто може да се справи со овие појави? Затоа ни треба повеќе од тоа, ни треба да отвориме широк фронт на борба за повеќе демократија во Република Македонија, на борба за функционирање на правната држава, на борба против корупцијата и криминалот во државата. Само еден таков широк фронт во најмала рака може да даде надеж дека конечно еден ден ќе се справиме со кризата. Но, по се што ни се случи Н9 го гледам. Единствена надеж можеби што во моментот се наѕира е една идеа која уште на стартот беше нападната од страна на политичките партии на албанците, тоа е Координативното тело на политичките партии. Со многу јасни дефинирани цели каде ќе се каже да за Демократија, да за спроведување на Рамковниот договор и не на корупцијата и криминалот. Таа идеа од тие три параметри дава некој надеж дека во тој камп барем нешто работите ќе се средат.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ**: (продолжение)

Јас, лично мислам дека треба нешто да се направи пошироко. Да отвориме широк фронт по овие три прашања кој е за Република Македонија дефинитивно да воспостави правна држава, кој е за Република Македонија дефинитивно да изгради систем на демократски вредности, кој е во Република Македонија тој кој што ќе се справи со криминалот и се' она што следува со него. Ако тоа го направиме јас искрено да ви кажам се надевам дека перспективно може да имаме некој резултат. Ако тоа не го правиме воопшто не сум убеден дека заминувањето на една политичка гарнитура, заминувањето на една власт од другата може тоа да го направи. Тоа се тешки проблеми. Тука бара голема енергија, и кој нема храброст да ви кажам да се справиме со овие проблеми, кој и како од прилика би требало да изгледа тоа.

Прво, што треба да направиме ние ако навистина сакаме овде да створиме предуслови во најмала рака да го отвориме тој фронт, тоа е да има јасно померување помеѓу двата најголеми колективитета македонците и албанците, а не се уште да се справаме со тоа дали ќе има амнестија или нема да има амнестија. Дефинитивно минатото да го оставиме зад себе, да почне нов живот на помирување.

Второ, Парламентот како механизам на контрола на извршната власт мора да дојде на својата јасно дефинирана позиција. Па колку години веќе овде во Парламентот не е формиран ниту адхог Комисија за одредени пропусти и недостатоци од ниедно министерство, а посебно од Министерството за одбрана и полицијата. Па во овие две министерства имавме разно-разни афери, милионски суми пречекорувње, бомби, експлозии. Никој не иницира да формира макар една адхог Комисија која што ќе се справи и ќе бара отчет и одговор за одредени прашања. Дури министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи пред матичните комисии не даваат отчет за она што се случува. А ни се случува сешто.

Трета работа, ние имаме друг механизам, орган, па народниот правобранител кој е надлежен од време на време да сигнализира за тоа како граѓаните ги остваруваат правата пред органите на државата, тоа никаде го нема. Зарем малку имавме случаи кога граѓаните не можеа да ги реализираат

нивните права пред органите на државата. Ние се уште немаме храброст интелектуалците да ги слушаме, или да се чујат што тие мислат за оваа работа. Само еден широк фронт по овие прашања по мое длабоко убедување евентуално може да гарантира успех. Инаку со препукувања, со обвинувања индивидуални не го решаваме феноменот. Или ќе му пристапиме аналитички да анализираме кои се причините на создавањето за доаѓање во оваа ситуација, кои се начините и методите да се справуваме со ова и дали ние денеска во Република Македонија имаме доволна критична маса да се фатат на овој фронт за справување со овој и слични други проблеми.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**:

Господине потпретседателе, колеги пратеници, уште на самиот почеток сакам да укажам на некои работи да ги расчистиме, дилемите што се појавија во текот на дискусиите на оваа седница, особено изнесени од некои колеги. Сакам да кажам една работа дека ВМРО-ДПМНЕ ниту јас како заменик координатор сме немале апсолутно причина ниту потреба да правиме опструкција во работата на Собранието по однос на оваа седница. Ние прифативме од првиот момент учествувавме во расправата, а тоа го докажавме еве и со денешната расправа, односно со нашето учество на оваа денешна дебата. Сакам да потсетам, бидејќи од еден од колегите пратеници беше спомнато, сакам да потсетам дека уште на самиот почеток кога почна седницата на Парламентот по оваа точка, јас укажав на едно правило, или на една работа и затоа побаравме пауза за да го изнесеме ставот. Укажав на една работа дека ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ нема да учествуваме, односно нема да расправаме за работи кои што се во директна надлежност на судската власт. Поточно, ќе гледаме да се задржиме на политичката одговорност и упативме еден апел и до другите колеги пратеници од другите партии да го почитуваат тој став, фактички овде да дискутираме за политичката одговорност доколку ја има и таму каде што ја има. Меѓутоа, седницата попирими таков тек што фактички во најмала рака голем дел од пратениците изигруваа или јавни обвинители, или адвокати, или незнам како да ги наречам стручни лица од рамките на правосудните органи. Така што се вадеа докази кои не постоеја и се измислуваа и тн., и се отвори навистина расправа и се оддалечивме од оваа тема. Тоа е по однос на она дали ние правиме опструкција.

По однос на моето барање кога овде излегов на говорница и побарав г. Бранко Црвенковски да се извини пред македонската јавност, апсолутно најодговорно тврдам, ниту сум имал намера, ниту јас, ниту пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барањето од г. Црвенковски да се извини, или барем да објасни што сметал кога кажал тоа што го кажал, апсолутно не мислевме да правиме опструкција. Едноставно сакавме да го слушнеме неговото мислење изворно, можеби човекот згрешил, можеби ќе се покаеше овде, можеби ќе се извинеше. Тоа не е ништо страшно. Зршто седницата се одложи толку денови, јас морам да кажам дека апсолутно не е крив ВМРО-ДПМНЕ, туку е крив токму г.Црвенковски што во сите овие изминати денови откако го прозвав не најде за сходно да дојде на седницата на Парламентот барем да присуствува, не мораше да се извини, но доволно беше да присуствува. Впрочем јас не ја гледам ни трагедијата зошто г. Црвенковски да не дојде. Тој е пратеник во Собранието. Негова основна должност како и моја е да биде присутен на седниците на Собранието. И немаше да има потреба од одлагање од повеќе денови, ако во оној час пауза, еве и денеска тоа го повторивме, ако дојдеше г. Црвенковски и кажеше што има да каже, значи немаше да има никакво одлагање со денови и тн. Според тоа, нетреба да се гледа вината во ВМРО-ДПМНЕ дека прави опструкција, но треба да се гледа во г. Црвенковски кој никако не сака да дојде овде во клупите на Собранието каде што му е работното место и да го каже, ако смета да го каже, ако не, не мора да го каже она за кое што ние на некој начин го повикавте. Инаку мора да кажам, не е никаква трагедија кога јас од Прилеп можам да доаѓам, г. Црвенковски живее во Скопје и најмал проблем е да дојде овде, за десет минути е тука. Тоа е по однос на она за кое се зборуваше дека ВМРО-ДПМНЕ прави опструкции, избегнува да дискутира, се плаши ли, незнам што. Еве, јас тврдам најодговорно дека таква работа непостоела. Ние сакаме да учествуваме во дискусијата и ќе учествуваме. Нормално можеби мислењата и ставовите нема да ни се подудараат и тоа на крајот на краиштата е нормална работа со оглед на тоа што ова е

Парламент, со оглед на тоа што е повеќепартиски систем, сите имаме право на различно размислување и кај сите не допираат исти информации. Тоа најдобро го докажа г. Никола Поповски од причини што кај него беа едни информации, кај нас беа други информации, нормално во такви ситуации имаме и различни мислења.

Но, да се задржиме на темата за која сме овде дојдени. Господа, ние дискутираме за настаните по информацијата на МВР односно Владата за случаите во Неготини, Прилеп, с. Теарце и Охрид. Мислам тоа е темата, за тоа дискутираме. Иако таа тема многу се рашири и се пришири и се искажаа и разни други дискусии. Што е причината на едно барање за ваква информација и колку тоа некој сакаше да го демантира дека целта на оваа информација е овде да дискутираме и да помогнеме во решавањето на одредени работи. Јас г. пратеници ве уверувам дека целта не е таа, туку целта е толку јасна и очигледна власта во оваа држава, значи Владата во Република Македонија да се прикаже како власт која спроведува државен тероризам, која ги спроведува сите беззаконија, корупција итн. Тоа беше поентата. Дали тоа се постигна или не ќе каже времето. Меѓутоа основната цел кога СДСМ ја побара оваа информација целта беше токму таа. Да потсетиме и на една работа колку да не заборавиме, самото одржување на оваа седница беше условено господа со: или ќе се одржи оваа седница, или ние нема да учествуваме, нели јас како лидер г. Црвенковски нема да учествуваме во преговорите кај претседателот, значи ќе го минираме процесот за преговори и разговори. Од друга страна ние како пратеници на СДСМ нема да учествуваме во работата на ниедна седница се' додека оваа не заврши. Јас пак ќе повторам, не беше инсистирањето толку за да се расчисти настанот, туку беше инсистирање за да се прикаже оваа власт како крајно тоталитарна власт која спроведува државен терор. Тоа сто пати сте го повториле и тоа на сите митинзи го кажувате. Мислам толку е очигледно и мислам дека овде провејува тој дух. Додека работите не се такви какви што ги прикажувате господо од СДСМ, мислам на вас повеќе се однесува. Еве јас би кажал мое видување нормално поткрепено со информацијата на МВР. Еве да почнеме од Прилеп. Доаѓам од Прилеп, жител сум на Прилеп, еве да почнеме од Прилеп. Се крена голема прашина, се турнаа бистите и нормално овде се отвори расправа и тн. Главното резиме од сите дискусии кои што ги слушнав од левата стана е дека тоа го направи владеачката партија, дека тоа државата со голема помош го поткрепува и дека нејзина основна цел е да ги негира и наша нели како партија да ги негираме сите борци за слобода на Република Македонија, особено оние кои учествувале во НОБ. Тоа беше поентата и целта која цело време сакате да ја докажете. Јас ве уверувам дека тоа не е така. Еднаш зборував за ова во репликата на г. Настевски, а еве денеска ако треба и ќе повторам. Една работа треба да расчистиме.

Прво, по однос на бистите, еве денес добив и најнова информација, бидејќи се интересирам нормално, бидејќи се Дебатира овде, добив најнова информација дека сите сторители поточно тоа е поголема група од четири сторители кои го извршиле тој чин и еден нормално кој ги купил бистите за бронза, сите Се фатени и сите Се изведени пред истражниот судија и нормално им е одреден притвор. Тоа што значи. Правнички кажано кога Ќе Се изведе еден обвинет пред истражен судија тој мора прво што мора да го направи е да даде свој исказ, или одбрана, нормално доколку сака. И тие искази Се дадени и кажани. Не е добро овде да зборувам јавно, бидејќи е истражна постапка и не е во ред да откривам што кажале тие. Меѓутоа, сигурно Дека Не го кажале она што вие го тврдите, значи Не оди во тој дух. Мотивите биле сосема различни, поточно криминогени. Станува збор за противправна имотна корист. Колку да сакате да убедувате дека тоа го направил ВМРО-ДПМНЕ наводно ги нашол тие сторители, ги платил, сторете го тоа, направете го тоа и тн., Не држи Место од проста причина што Нема докази за таа работа, односно Нема мотив. Треба да Се најде корелација помеѓу доказ и мотив. Тоа е исто г. Китановски, ако се потсмевате како сега јас да кажам дека тоа го направи СДСМ. Има многу поголем мотив да го направи СДСМ. Вашата цел е да прикажете дека ние спроведуваме државен терор и многу лесно може да го направите, токму истите сторители да ги потплатите да го направат сето тоа, не сте толку сиромашни да не платите едно такси. Така што сето време да се обвини ВМРО-ДПМНЕ, затоа што е толку очигледна работата. Вие се потсмевате и јас ќе кажам, илузорно можеби е смешно, но

исто е толку смешно колку што е смешно да го обвините ВМРО-ДПМНЕ. Затоа кажувам постојат докази, постои судска постапка на крајот на краиштата таа ќе заврши и тогаш ќе се види кои биле и причините и мотивите и каде е тука Владата и каде е тука одговорноста, зборувам за политичката одговорност на ВМРО-ДПМНЕ. Јас ви тврдам Дека Не постои. Ќе зборуваме и за споменикот во Даблички завој. Тука имаме интересен случај. Она што го спомна Никола Поповски го кажуваше дека врз него со изживувале со пукање и незнам како, тоа Не е точно. Прво Не е во информацијата така. Второ, проверено е на лице место.Немало нит пукање, ниту ништо, едноставно е симнат нормално со употреба на сила симнат е од постолјето и во моментот на истрагата самиот споменик е најден пред постолјето кадешто стоел. Полицијата направи увид, констатира Дека споменикот е симнат од постолјето. Меѓутоа, полицијата ниту има овластување, ниту е должна истиот споменик да го Земе и да го носи во полиција. За тоа е меродавно и надлежно да ја извести локалната самоуправа, Заводот за музеи и тн. И сога што Се случува? Од тој ден па Се до скоро, до пред два Дена тој ист споменик иако полицијата да рочеме власта ги известила одговорните структури, значи локалната самоуправа, Заводот за музеи и незнам таму уште кои Се' Дека споменикот е урнат, Дека треба да *се* превземат Мерки за Негово поставување, или за негово санирање. Тој спомдник буквално стои недела Дена турнат за да вчбра, или Некни ни Се случи да исчезне и да повторно биде украден и да денеска Се најде во состојба искршен и тн. Полицијата го откри, ги откри сторителите и денеска тој Се најде во полиција тотално уништен. Се поставува прашањето, ако Се толку загрижени за спомениците, локалната самоуправа е ваша, мислам од вашата партија. Што правееше недела дена, зошто не го отстрани, зошто Не го зеде едноставно, Не го остави на некое место за да Не може некој овде да ги прави ваквите работи. Тоа е прашањето за кое треба да разговараме.

Јас кажав и повторно *ќе* потсетам, во Прилеп исчезнувале бисти и на Мице Козар и на Трајко Тарцан исчезнувале со лдгални одлуки донесени од страна на локалната самоуправа. Значи, со одлука. Не Се ли тие наши борци? И тие се наши борци. Зошто морале да бидат преместени ако педесет години стоеле на одредено место. Ќе го повторам и тоа што го кажав по однос на бистите од 1991 година па до ден денеска Сето исчезнување на бистите е мисггериозно. Ниеден сторител не е откриен, а многу сме ги имале такви. Нормално сето тоа било мистерија за да цело време биде Дежурен виновник ВМРО-ДПМНЕ бидејќи Се тие бугараши толку е многу едноставно да Се најде мотивот. Така што најдобро е да стои мистерија за да потоа Цело време имаме дежурен виновник, особено ни треба во моментите кога наближуваат изборите. Тоа би било вака по однос на Прилеп. Значи би резимирал кога станува збор за Прилеп. Истрагата е во најдобар тек, виновниците Се најдени, судската постапка Ќе Се заврши онака како што предвидел законот. И ви кажувам Дека станува збор за противправна имотна корист, или кривично Дело тдшка кражба за која е предвидена казна од една до 10 години.

Да прозбориме и за Неготино. Случај кој крена огромен интерес и со право. Во сите овие Денови слушнавме разни варијанти. Го осудивме голем дел морам да признаам, еве и јас го кажувам овдд од говорница, значи го осудувам теророт кој се применил врз децата независно од кого е тој. Кога зборував Терор, мислам на Тепање, удирање на Деца итн., и цело време дискусиите се вртат околу тие две работи кој ги тепал децата, зошто ги тепал децата и тн. И најдобро беше да се воспостави еден член од тие што ги тепале децата е во раководството на партијата, згора на тоа е и вработен во Електростопанство, па логички испаѓа дека тоа го прави државата преку своите институции прави легален државен терор врз учениците. Многу паушално и многу тенко објаснување. Мене г. пратеници пак повеќе се обраќам на вас од СДСМ, за цело време не слушнав никој да спомне една многу битна работа.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (Продолжение)

Во тој случај, а тоа е токму прашањето кое јас цело време си го поставувам, прашањето воопшто што барале децата во канцеларијата на директорката?

Видете, да ви кажам, многу е логично да постои недоразбирање помеѓу директор на едно училиште и помеѓу професорите на едно училиште. Многу е логично да постои недоразбирање или конфликт помеѓу директор на едно училиште и училишниот одбор. Многу е логично да дојде до недоразбирање

помеѓу одредени потписници на некаква иницијатива во најголем дел се професори и директорот. Сето тоа е логично, меѓутоа, се поставува круцијалното прашање кој е мотивот учениците да креираат кадровска политика. Јас сум бил ученик, сум бил и студент и никогаш во животот не ми се случило, да кажам најискрено, најмалку ме интересирало кој е директор на училиштето, ниту сум се занимавал со кадровската политика на директорот како ученик ниту сум го имал тоа право.

Значи, што е мотивот учениците да одат кај директорот, да влезат еден број од 50-60 ученици, потпомогнати од професорите и да бараат кадровска политика, поточно одредени професори да не бидат сменети или разрешени. Тука е основното прашање. Јас би го поставил тоа прашање токму вака, кој ги праќа децата во просториите кај директорот да водат кадровска политика?

Сега, ако дискутираме на таа тема, ќе излезат многу работи на виделина. Дури и лаички да дискутираме, да не мора да сме кој знае колку професионални во таа област, ќе се покаже една основна работа дека децата особено учениците, во овој период кога наближуваат завршни оценки се многу лесни за манипулирање,. од проста причина за една преминална оценка може многу лесно некој да го убеди, Кога зборувам некој најблиска врска е професорите, наставниците, затоа што одредени докази овде кажуваат дека токму тоа се одвивало.

Видете, интересна работа, веќе го проучував овој настан, замислете децата отишле во канцеларијата на директорот, ѕвончето ѕвони за час, упорно ѕвони, ни едно дете не влегува, тоа не било само еден час, тоа траело два или незнам колку саати ни едно од децата не се одзвало на ѕвончето, кое е основна работа, и овде нам ни ѕвонат да влеземе во салата, а на децата се ѕвони да влезат во училиницата. Се поставува прашање кој е тој синхронизиран механизам кој ги убедил, односно ги натерал децата сите ученици да почитуваат одредена наредба и ниту едно не се случило да влезе во училница. Самиот тој факт покажува дека постои организираност.

Друга логична работа која се надоврзува односот помеѓу децата како ученици е секогаш најблизок со настаниците. Преку нивниот класен, преку нивните професори, наставници кмои предаваат одредена предметна настава, така што тој однос е многу близок, таа е таа комуникација, многу е далечен односот со директорот. Значи, логична работа е и оние незадоволни три професори, јас ги имам по име и презиме, Не е лошо да се спомнат овде, тоа се Зорка Глигорова, Роска Кулакова, Нако Дуровиќ, логично е ако се Незадовлни од решенијата кои им биле дадени да ги почитуваат институциите на системот. Што значи тоа? Како што тоа го правел и претходни професори, како што го правеле професори во Прилеп и незнам во кој град, тоа значи, многу пати сме се повикувале овде на почитување на институциите на системот, тоа значи, ако сум незадоволен имаме право на приговор, а дали ќе биде прифатен или одбиен приговорот, Не е толку битно, на крајот на краиштата секогаш постои последната инстанца тоа е покренување на спор пред судот, па ако се тие решенија незаконски од разни причини, судот Ќе го утврди она што треба да го утврди. Така треба да Се решаваат проблемите, а не да се решаваат преку ајде сега ќе ги манипулираме децата, ќе ги однесеме

пред директорката, па со едно дрско однесување ќе ја натераме да не врати на работа. Мислам дека на тој начин не се постигнува ништо. Покрај она за кое дискутиравте требаше и за ова да се прозбори.

Има една интересна коинциденција, има една интересна работа која, ако се анализира малку посуптилно ќе се види дека ова што го зборувам држи место. Ајде да го поставиме прашањето вака.

Јас мислам дека официјалните односно легалните институции на оваа власт имаат податоци, имаат информации, можеби не се сите доставени до нас, не треба ни да бидат, се води истрага, меѓутоа, ако подобро се сослушаат одредени учесници кои биле таму ќе се види интересен склоп, интересен состав на оние ученици кои биле во канцеларијата кај директорката. Јас ќе си земам за право да прочитам барем неколку за да се види поврзаноста и да ја поткрепам оваа теза за која зборувам.

Видете сега интересен случај. Во училницата кај директорката биле Илиева Тодорка, активист на СДСМ заедно со нејзиниот дечко кој исто така е активист на СДСМ, ама не учи во гимназијата. Човекот бара да се смени директорката, ама човекот не учи во

гимназијата. Незнам од што е незадоволен. Понатаму, Пилева Христина, ќерка на Танас Пилев исто член на СДСМ. Атанасова Цветанка, внука на бившиот директор на Винарската визба Бранко Атанасов кој е исто така член на СДСМ. Полов Димитар, член на СДС. Горгиев Горан, син на Марија Ѓорѓиева, која инаку е професор во гимназијата, а снаа на Илија Георгиев, пратеник на СДСМ од Неготино. Витанов Кире, син на Наќе Витанов, секретар на СДСМ од Неготино. Бинов Никола, син на Ангел Бинов, член на Претседателството на СДСМ од Неготино, како и многу други биле вкупно околу 60, кои ги имаме на список и тој список може да се провери (реакција од страна на пратениците од СДСМ, велат дела имало и од ВМРО-ДПМНЕ), во најголем дел се членови на СДСМ.

Се поставува едно друго прашање, што барал Георгиев Душан инаку син на пратеникот Илија Георгиев, кој инаку е студент во Солун на ДИФ или незнам на кој факултет, кој беше присутен внатре. Тоа треба да се провери што барал, бил повикан од надвор за помош? Затоа кога зборувам дока имаме интересен склоп на личности дека ако ги анализираме така, и ако ги анализираме деталите ќе видиме дека постои одредена работа за која овде можам да кажам со сигурност дека постоело манипуирање со деца што е исто сериозен престап кога зборуваме за демократијата.

Исто така, многу е интересен настанот од својот почеток до крај. Не да Се држиме само за настанот, кој се случил до физичките пресметки, туку да се држиме малку и подалеку. Се поставува интересно прашање во тие случувања во гимназијата беа видени пароли со натписи, а се слушаше многу гласно, покрај сите оние барања, долу ВМРО. Мислам за еден настан кога се менува една директорката да се вели долу ВМРО мислам навистина не држи место, а од друга страна интересно е, можеби господинот Китановски ги знае односно го знае човекот кој ги пишувал паролите, многу интересна личност, не е добро да го кажувам по име и презиме, само ќе кажам дека е член на СДСМ. Исто така, да ви кажам кој ги изнесе паролите од таму каде беа пишувани, разнесени, разделени на децата, исто така човек член на СДСМ. Интересна работа во сите овие битни работи, се функционира и членови на СДСМ. Многу интересна случајност.

(Упадици од страна на пратениците од СДСМ)

Ќе дојде и тоа на ред............................

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, да го слушнеме пратеникот.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Колеги, имате право на реплика, демократски е да ме сослушате, ако не можете да ме слушате, тогаш излезете, редно е да ме оставите да довршам, незнам зошто се нервирате.

Ова што го зборувам госпидине Китановски, не го зборувам на памет, ако сакате да се заинтересирате, овде имаме одредени изјави, соопштенија од родители, од ученици и ако треба да водиме истрага ние овде како пратеници, може се да се види, не е се како што вие велите, тоа сакам да ви кажам (пратеникот Никола Поповски од место - заслужиле да се тепаат) не реков дека заслужиле. Јас кажав на самиот почеток дека не е во ред да се врши сила и терор односно тепање меѓутоа, господине Поповски најмалку е во ред да ги манипулирате децата за ваши политички цели. Тоа е уште полоша варијатна.

Да ви кажам и друга работа, да ве прашам вака ако иститe не биле манипулирани, ако не сте им го переле мозокот за една двојка и да ги терате да влезат во кацеларијата на директорот - немало да доаѓа до физичка пресметка. Тоа треба да се постави. Кој е настанот кој претходел до она што се случило (од место пратеникот Никола Поповски - нашите се со петки, двојки се за ВМРО). Па вие сте претерано паметни (реакција од пратениците) немам ограничување, можам да зборувам. Јас ќе чекам во секој случај да се смирите, бидејќи ме деконцентрирате.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам да не префрлувате од место, да го слушнеме пратеникот до крај да се произнесе.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас ќе почекам, не ми е тешко да се смирите. Интересна работа толку ве нервира кога ќе се спомне нешто кое не е онака како што вие мислите. И некни ве изнервира изјавата на господинот Црвенковски, па овде излегоа двајца адвокати да не убедуваат дека не е така. Јас ќе ја прочитам господине Китановски, бидејќи вие излеговте, еве го стенограмот од трибината, можам да ви прочитам, вие не убедувавте, браневте она што не се брани. Еве што кажа

Црвенковски: "Да ви кажам една работа, не лавови, не тигри, не поскоци, цело зоолошко царство да го донесете, ништо не ни можете". На кого ова се однесува? Тоа е дел од животинското царство, тоа е јасно. Незнам зошто толку бевте изнервирани, изреволтирани и се јавивте во улога на адвокат да заштитувате нешто што Не се брани.

Јас ќе ве прашам друго, дали господинот Црвенковски видел лавови во салата? Дали видел тигри? Виде ли поскоци? Не виде. Тогаш, од кого се уплаши, па да каже не лавови, не тигри, не поскоци. Од кого се суплаши. Можеби Н9кои што му дофрлиле ги поистоветил токму со формацијата лавови, тигри, но тоа е господине Поповски директна навреда на безбедносните сили. Не се држете за поскоците, зошто не кажете за лавовите и тигрите.

Добро, малку бега од темата, да се вратиме

(од место пратеникот Никола Поповски - ај, образложи дека децата заслужиле да се тепаат).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, немојте да дофрлувате од место, да го слушнеме пратеникот да се произнесе до крај, а потоа задржете го правото да реплицирате, или.да земете збор.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Излези овде на говорница, па кажи, јас не реков за тебе дека си ти побегнат или избеган, несакам за мене да велиш така. Јас не навредувам никого, јас кажувам факти колега. Демантирај ги.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Немојте да водите дијалог со пратениците, обратете се на целиот парламент.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Да се вратиме на случајот во Охрид, тоа сакате да дискутирате. Случајот во Охрид го анализиравме исклучиво спрема изјавата на господинот Никола Поповски кој ја кажа сета работа, јас мислам дека не треба овде да дискутираме за него. Тој го посочи сторителот, тој е член на партијата ВМРО-ДПМНЕ, го посочи објектот, тоа беа просториие на СДСМ и го посочи средството за извршување, тоа беше молотов коктел. За жал, никаде во информацијата ни една од овие работи не видовме. Во информацијата се Вели сторителот е непознат, поведена е кривична постапка против лице Н.Н., што значи непознат сторител, објектот за извршување дали е молотов коктел или не, се поставува прашање, треба да кажат стручњаци затоа што во кривичното право господине Поповски вие тоа не го знаете, еве јас ќе ви кажам, во кривичното право има еден термин кој се вика неподобен обид, односно неподобно средство. Сега се поставува прашањето кое средство е подобно да се изврши кривично дело, а кое е неподобно. Или прост пример ќе ви кажам, ако имате еден пиштол кој е неисправен, и да го насочите на било кого, а знаете дека е неисправен, се поставува прашање дали ќе одговарате за обид за убиство. Тука е терминот неподобен обид. Истиот случај со молотовиот коктел. Тој е употребен, фрлен, но не е запален. Нафтата и да е нафта, би било условно да се каже овде, да се тврди дека со самото кршење на шишето со нафта од ѕидот, би се запалил. Големо прашање. Кажано спрема земените податоци, односно земените докази на лице место дека апсолутно ниту бил заален, ниту имало трага од запалување, туку едноставно било фрлено така како што е. За ова можеме да дискутираме со правници на таа тема, дали е тоа средство за извршување на кривично дело, односно молотов коктел. Може да дискутираме, пак ќе кажам, од аспект на право.

Трета работа објектот на извршување на кривичното дело кое господинот Поповски го посочи, дека се просториите на СДСМ, а сите докази покажуваат дека апсолутно не се простории на СДСМ, туку дека шишето удрило во сосема друга просторија, тоа е ресторанот "Сердарот". Денеска се изнесе теза демек ако се запалеше "Сердарот", зарем немаше да изгорат просториите на СДСМ. Тоа е исто како јас сега да кажам ако имаше четири години дожд, немаше да имаше суша во Прилеп, односно немаше да нема вода. Тоа се работи кои ако било, а ќе било, сосема друга работа отколку било и тоа настанало. Можело да изгорат просториите на СДСМ, доколку дошол, но ако се употребело соодветно средство поточно ако молотовиот коктел бил фрлен запален. Тогаш немало да се случи само кршење на прозорец и да падне тоа шише. Тоа е од аспект на оние докази кои овде ги имаме.

Сега, кој стои зад тоа и како стои и која е целта, овде вие кажавте кој стои нели владеачката партија, заради такви и такви причини,

можеме да зборуваме до утре сабајле, во недостаток на обвинети лица од кои може да се земе изјава, може само да нагаѓаме. Или, се што би кажале поинаку е чисто сугерирање, вршење притисок на истражните органи да рботата онака како што ние му сугерираме. Ако кажеме дека тоа го направиле членовите на ВМРО-ДПМНЕ веднаш ја канализираме работата на истражните органи да го бараат виновникот исклучиво во ВМРО-ДПМНЕ. Но, што ако е на друга страна. што ако е некое трето лице, непартиско. Затоа не треба да сугерираме, истрагата има широк круг.

Еве, не би должел, гледам дека не ви се слуша, особено она што не ви оди по ќеф, толку, би завршил.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинто Жарко Караџоски.

За реплика се јави пратеникот Илија Ѓорѓиев.

**ИЛИЈА ГОРГИЕВ:**

Почитуван потрпетседателе, сакам да кажам дека она што господинот пратеник колегата Караџоски го кажа во делот од своето излагање околу настаните во гимназијата во Неготино, мора да се каже дека има една единствена вистина. Ако во Македонија има 100 средни училишта во кои учат ученици деца членови на СДСМ истото е и во Неготино. Треба да се постави прашањето дали во цела Македонија сета работа е во ред, односно не во ред со приликите во училиштата, или само Неготино е случај односно посебен случај во кој ескалираат работите повеќе од година и пол дена.

**ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ**: (продолжение)

Јас во своето излагање кажав дека децата цело време се држеа настрана и кажав документи во кои 53 до 63 од вкупно 65 вработени искажаа недоверба на директорката. Сега не знам од каде тоа да се дестикулира дека е организирано од СДСМ од членовите на нашата партија и мислам дека таму се нашле деца кои се симпатизери или членови на нашата партија нормално е , бидејќи во Неготино постои една единствена гимназија и едно единствено средно училиште и таму учат сите деца, деца што припаѓаат на членови и на ВМРО-ДПМНЕ и на другите партии. Она за кое што спомнав уечник на Витанов и спомнаа ученици кои се опструирани за да им се стави некаква двојка тоа не е вистина. Токму напротив, токму тој ученик е еден од најсолидните ученици во гимназиајта, Кире Витанов и има добиено безбор многу награди. Според тоа ако говориме за аргументи и факти треба да бидеме достоинствени на она што го поседуваме како аргумент.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Јас незнам дали да реплицирам со Жарко Караџоски што зборуваше денес и оној Жарко Караџоски што ги повика пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да ја напуштат седницата се додека не присуствува еден пратеник овде, бидејќи незнам дали се работи за двојна личност, или за претходниот.

Тој изнесе многу невиситини, само ќе кажам едно, нанесе една тешка навреда на ученици од средното училиште во Неготино. Ги навреди дека тие сето тоа го правеле за двојка. Ги оптеретува со припадноста на партија на нивните родители и си поигрува со едни деца кои немаат 18 години, кои не се полнолетни, што е забрането со многу конвенции кои оваа држава ги има потпишано.

Се чуди и прави некоја логика. За него е логично директорката да има проблем со професорите. За него е логично директорката да има проблем со училишниот одбор, ама не е логично кога директорката има проблем со 90% професори и не е логично кога има проблем со 1.200 ученици кои што учат во тоа средно училиште. И се чуди, и не му е логично како можеме да зборуваме за државен терор, а зборуваме за државно училиште, за директор кој е назначан од министерот за образование и тепањето е помогнато од државна институција од подрачната единица на електро стопанство, од ХЕЦ "Тиквеш". Значи, направи обид да го оправда тепањето со пропадноста на политичка паритја на родителите на децата кои биле во канцеларијата на директорката. Ваков преседан, вакво нешто не е видено и ако некој треба да се извинува во оваа просторија овде тоа е незнам кој Караџоски, дали оној од минатиот пат кој не присуствуваше на оваа седница, тоа е незнам кој Караџоски или овој овде према учениците кои ги навреди, 1200 ученици од државното средно училиште св. "Кирил и Методиј" од Неготино.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Жарко Караџоски:

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас сега две реплики слушнав, на двајцата треба да одговорам по пет минути, тоа значи дека 10 минути.

Прво, реплликата од г-динот Георгиев Илија, мислам дека со самото реплицирање тој ги потврди фактите што ги кажав. Ги потврдив фактите дека точно во канцеларијата кај директорката биле активисти на СДСМ од проста причина што таму големо мнозинство на активистите најголем дел биле СДСМ, мислам во самиот град. Тоа е лично негова потврда.По однос на реплликата на г-динот Макрадули јас не знам за кој Караџоски сега сака да му одговорам, мегутоа јас можам да кажам само едно. Јас сум истиот тој Караџоски и вчера и некни и денеска, а јас би го прашал за кој Макрадули станува збор, дали за оној што доби 1200 гласови, или некој друг Макрадули, кој веројатно е победник на некои предвремени парламентарни избори. Тој е познат по таа работа.

По однос на тоа што сака да каже дека наводно јас треба да се извинам на учениците, јас не кажав за сите оние што ги наброив. За ниеден од нив не кажав дека е изманипулиран за двојка, туку само кажав дека биле во сплет на околности кои што тие деца се нашле во канцеларијата на директорката. А, генерално зборував за сите дека можат лесно да бидат изманипулирани за една оценка и зборував за односнот помеѓу наставниците и децата. Личностите кои што ги спомнав по име и презиме, кажав и сега повторувам дека биле видени во просторијата на директорката каде што протестирале односно митингувале за нејзино разрешување.

Што се однесува до реплликите кои се на некој начин умесни јас кажав ако не постоела причина, ако непостоелот претходно манипулирање со децата немало да дојде до физичка пресметка. Никогаш не реков дека го оправдувам начинот на кој се изживувало начинот со физичко тепање на децата. Јас го кажав на почеток и сега. Тоа е за осуда, но за осуда е и она што претходно го зборував секое друго манипулирање на децата кое што во ваква ситуација ќе доведе по пат на политички шеми, во незгодна ситуација како што се доведоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За раплика се јави г-ца пратеник Радмила Шекеринска.

(реакција на некои пратеници во салата)

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Колеги ве молам да не се нервирате многу...

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Можеби ја овластиле нејзе да одговара.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Многу колеги, за жал пратеници добија можност за реплика без при тоа да бидат споменати поединечно и гледам сега дека токму тие пратеници се бунат затоа што некој друг сака да го искористи истото право. ВМРО-ДПМНЕ се навикна овие години на пракса во која што правилата важат за сите само не за нив, така што им простувам на ваквото однесување.

Сакам само процедурално да интервенирам заради една реченица која што ја искажа г-динот Краџоски. Во таа реченица кажа дека во канцеларијата на директорот на Државното средно училиште биле присутни членови на СДСМ.

Г-дине Караџоски вие знаете подобро и би требало да знаете подобро од мене дека малолетни лица, деца кои што немаат 18 години неможат да бидат членови на политичка партија. И не само што неможат да бидат членови на политичка партија, туку тие неможат да бидат злоупотребувани од ниту една политичка партија вклучително не ни на начин на кој вие денеска се обидовте тоа да го направите.

Втора работа, во поглед на политичката манипулација која што

вие ја најавувате ќе го кажам следното.

Настаните во Неготино имаат еден физички доказ, а тоа е дека за жал децата биле тепани. Дали некој ги манипулирал, дали е тоа некое дело, гледам дека денес повторно сте во шемите дека СДСМ управува со се , не само со настаните во Неготино, не само во настаните во Охрид или во Прилеп, туку претпоставувам со целиот универзум, меѓутоа немате за тоа доказ. Се додека не излезете со таков доказ овде ќе дискутираме за проблемот дека децата биле тепани, а во моментот кога вие ќе излезете со доказ дека некој ги манипулира во ред, тогаш ќе ви ја прифатам фашата иницијатива да дискутираме и за тоа и ќе бидам можеби прва да ги осудам оние кои што се обиделе тоа да го направат, ако нешто воопшто постои. Меѓутоа, клучната работа на која што вие имплицирате со вашиот говор и со вашата реплика дека во ред е да се тепаат деца, ама ако се тоа деца чии што родители се членови на СДСМ. Во ред е да се тепаат деца заради тоа што по правило се смета дека тие деца биле манипулирани од своите

родители. Мислите ли вие дека некој родител сака да го манипулира своето дете и да го доведе во ситуација на училиште да го тепаат. Зошто? Заради неговата политичка припадност, или припадноста на некоја политичка партија. Ќе се сложите дека таков родител јас барем не сум видела , ниту пак познавам дека е подготвен да го жртвува сопственото дете заради корист на некоја политичка партија, било која и да е. Затоа би ве молела да се воздржите од вакви изјави и да ги поделиме работите за кои што дискутираме. Ако веќе дискутираме за тепање на ученици бидете барем доследен и до крај терајте ја тезата дека за тоа некој во оваа држава треба да одговара, меѓуота немојте тоа да го правите само на говорница и само еднаш, туку правете го континунирано и правете го на тој начин што ќе гласате да биде казнет оној кој што овозможил тепање на деца.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор за реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас мислам дека имам право за реплика затоа што г-ѓица Шекеринска сега ми реплицираше.

Г-ѓица Шекеринска,точно е тоа дека членови на политичка партија неможат да бидат малолетници, но зависи што подразбирате под политичка партија. Да не заборавиме во секоја политичка партија постојат структури внатре, постојат активисти членови, постои Унија на млади постои Унија нажени, постои Унија на Ветерани, така да во Унијата на млади на СДСМ сигурно не е ограничено да членуваат без полноледство под 18 години.

За овие што ги кажав, јас добив информација дека се членови на Унијата на млади или на сили на СДСМ, незнам како ги викаат. Тоа е по однос на првото.

По однос на тоа дали има докази за манипулирањето јас да ви кажам искрено ако треба да ги изнесувам доказите треба да изигрувам овде истражен судија, а бидејќи сум сигурен дека имаме докази, меѓутоа тоа е работа која што ќе ја работи некој друг. Можам да ви прочитам ако сакате само неколку реченици од соопштенијата и изјавите што ги пишуваат родителите кои кажуваат што се случувало и тн. и тн. и кои што исто така дека нивните деца се манипулирани. Не би било умесно да изигруваме овде судии, но ако е потребно ќе ви ги дадам јас вас лично да се запознаете, да се запознаете на лице место со сите родители и информирајте се.

По однос на третата констатација која ја кажавте дека е се во ред да се тепаат деца особено ако се тие на родители членови на СДСМ мислам дека тоа е апсолутно нехумано и нечовечно. Јас ниту кажав ниту сега кажувам дека е во ред да се тепаат деца, ниту тоа го оправдувам. Меѓутоа, да се изврти една теза која држи, меѓутоа не значи да се манипулира со таа теза, така не е во ред и оваа работа. Според тоа јас ги осудувам и едната и другата работа, а не кажав дека оправдувам да се тепаат деца, а најмалку да се тепаат деца на СДСМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави г-ѓица Радмила Шекеринска. **РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Го поздравувам фактот што пратеникот Караџоски најпосле се

реши дека го осудува тепањето на ученици и се надевам дека нема да остане тоа на ниво на декларација. Таа декларација ќе ја придружи со акција и таа акција ќе биде осуда на оној кој што овозможил во наше државно средно училиште да има тепање деца.

Меѓутоа, би сакала да ве потсетам, претходно споменав дека вие би требало повеќе да знаете од мене, сега заклучувам дека не знаете колку што би требало да знаете имајќи предвид дека работите како адвокат две работи.

Прво, до колку вие имате доказ за тоа дека дел од учениците биле злоупотребени вие имате обврска за тоа да ја информирате јавноста и соодветните органи заради тоа што се работи за дело кое што подлежи на некои закони. Заради тоа ве повикувам до колку доказите навистина ги имате да ги алармирате соодветните институции. Ние добивме информација од МВР и претпоставувам ако на распоалгање беа такви информации во таа информација ќе стоеше и такво нешто, дека некој друг е одговорен и за политичка манипулација. Меѓутоа сакам да ви го кажам и следното.

Не сте го прочитале добро Законот за политички партии па не знаете дека политичките подмладоци на било која партија, вклучително на ВМРО-ДПМНЕ, па и СДСМ немаат право да имаат независна или одвоена младинска организација или подмладок. Тие подмладоци се формираат единствено согласно Законот како дел од таа политичка партија и согласно истиот Закон во неа можат да членуваат само лица

кои што имаат повеќе од 18 години. Согласно тоа ниту Унија на млади сили, ниту Унија на нез-нам какви сили, или на СДСМ не може да има членови кои што се помлади од 18 години. Претпоставувам дека кога не го знаете тоа можеби и во вашата партија не ја почитувате таа одредба по законот, меѓутоа немо-жете да излезете овде пред Македонското собрание и да кажувате дека во нечија канцеларија биле членови на СДСМ. Вие тоа конкретно можете да го погледате од ваштие стенографски белешки во изјавит.е. Таму не можат да бидат членови на СДСМ и неможете дискутирајќи за случајот со тепање да ја правите врската членство во одредена политичка партија-родители, не на родители со тоа дали нив имал право некој да ги тепа или да не ги тепа. Овде во ситуација сме кога работите по малку се црно-бели, или ако не се црно-бели треба да ги направиме црнобели. Ако овде при секое излегување некој од ВМРО-ДПМНЕ зборува, кажува дека го осудува насилство то ама причините се други и попроблематични никогаш оваа држава нема да мрдне од нулта точка. Ако некој не излезе и не каже дека некој треба политички да одговара за се ова, освен кривично, ако некој не каже дека неможе г-динот Новковски да прави што сака со ова Собрание тогаш тепашето деца ќе биде една од сериите на скандали што ќе ни се случува, а веќе еден дел ни се случуваше. Само, ќе мора да ја изберете страната.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Како што вас ве радува одредена работа, така и мене ме радува одредена работа а тоа е што во одредена работа на крајот на краиштата се согласуваме и сме идентични.

Вашето тврдење дека за ова што јас го зборувам треба да постојат докази и ако јас имам такви сознанија треба да ги испратам на вистинската адреса, добро е што така мислите и ме радува тоа што и мојата констатација е таква. Но, јас ќе ве замолам истото тоа што сега мене ми го кажувате да му го кажете на вашиот координатор Никола Поповски бидејќи и тој изнесуваше овде докази кои не беа докази, а на него не му го кажавте ова што на мене ми го кажувате. Тој кажа кој е сторител на кривично дело во Охрид, тој кажа кој е објект на напад и тн. и тн. Кажа дека спомениците во Прилеп биле решетани со куршуми и ред други работи, и на крајот на краиштата кажа дури и дека не верува во оваа Влада и дека не ја чувствува за негова и од тие причини не ги носи тие докази и факти.

Значи, ако веќе се залагате за почитување на правото и мене ме упатувате на вистинската адреса, најодговорно тврдам дека сознанијата што ги имам ќе ги кажам на вистинската адреса, меѓутоа потрудете се тоа да му го кажете и на вашиот координатор за да имате исти аршин.

(пратеникот Мерсел Билали бара збор деловнички)

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Г-ѓицата Радмила Шекеринска повторно се јавува за збор. Деловнички има право по трет пат да бара реплика и затоа и давам збор за реплика.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се наоѓаат во суштествено различни позици. Нас позицијата ни е таква што ни останува само да ја искористиме оваа говорница и да го кажеме она што мислиме дека треба да го кажеме, или да го соопштиме она што мислиме дека е релевантна информација. За жал вие сте оние што имате директна преку Собранието и преку собраниската говорница контрола врз она што го работат институциите во оваа држава. Ние како опозиција за жал не го имаме тоа право. Токму поради тоа проблемот е што нашите информации, нашите аргументи дури и кога се испратени во соодветните институции се третираа како нешто на што не треба да се обрне внимание. Во последните неколку дена јавноста меѓу другото беше инспирирана за некои поместувања што се случуваат во МВР. За изненадување или не, зависно од тоа како гледате е кога ќе видите еден од луѓето, еден од личностите која се меша проблем за време на локалните избори беше личноста која што овозможи не само фалсификат на лични карти, туку тој што кога ги зема тие лични карти овозможи на мистериозен начин да исчезнат сега е наградена со висока позиција во МВР. Ние и тогаш излегувавме со податоци. Излегувавме со падатоци, со кривични пријави, со предлози за отпочнување на било какви ќривични процедури, со бројки, со имиња , со личности кои што беа спомнувани меѓутоа сето тоа беше само апсурдност на опозицијата и истото немаше никаков ефект заради тоа што ние зборуваме а караванот си врви. Заради тоа ви апелирам не само тоа што можете да ги дадете информациите, вие реално можете да ја смените реалноста. Вие се додека тоа не го правите вие сте соучесник на сите

оние кои што ни ги приредуваат ваквите скандали. А, во меѓувреме ние ќе зборуваме, ќе даваме информации, ќе се обидеме да апелираме до институциите, но досега по правило институциите молчат и институциите не покренуваат иницијатива за ништо што го задира внатре партискиот интерес на ВМРО-ДПМНЕ. Заради тоа сме различни и заради тоа претпоставувам дека вашата иницијатива ако е реална и ако е чесна ќе има можеби позитивен ефект.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловнички да му дадеме збор на пратеникот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Г -дине претседавач,

Мислам дека не сме казнети да слушаме таква комуникација која е испод нивото на детската градинка. Меѓутоа, деловнички се има право на дискусија, реплика и реплика на реплика. Со тоа се завршува. Искрено мислам дека не е во ред вака ние да трпиме дуел на луѓе кои можат тоа да го направат надвор од оваа седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловнички се знае дека три пати има право пратеникот да реплицира. Репликата трае пет минути. Г-ѓицата Шекеринска тоа го искористи и сега за последен пат да му дадеме збор на г-динот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Добро, ќе бидам сосема краток. Госпоѓице Шекеринска, Законот е за сите ист и во Законот не пишува граѓани на СДСМ, граѓани на ВМРО-ДПМНЕ, туку пишува граѓани на РМ. Според тоа сите ги имаме истите права, и истите обврски. Ваша обврска, никаде во Законот не стои дека ако сте опозиција, не можете да поднесувате докази за она што знаете пред меродавните органи. А, да Ви кажам и друга работа. Вашите сознанија за кои што овде кажувате и сте кажувале и претходно со случајот прислушкување и т.н., не се кажуваат, колешке Шекеринска, на говорница, туку се кажуваат со факти и докази онаму каде што треба Јавно обвинителство, полиција и т.н. За тоа си има институции во системот. Тоа што вие ќе го кажувате на говорница, не значи дека сте покренале постапка. Според тоа ако мене ме упатувате дека некои закони послабо ги познавам , јас да Ви кажам, дека па вид воопшто не ги познавате, Законот за кривична постапка. Прочитајте го само делот во иницирањето на постапките.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, да прекинеме со репликите.

Дали господине Бузлевски се јавувате за реплика. Вие не бевте спомнати.

Повелете имате збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, јас како што напоменав побарав по регуларен пат реплика и на седницата која што не се одржа, која што се прекина. Меѓутоа, тогаш не добив, па еве и по повод второто обраќање на почитуваниот г-дин Караџоски, во кое што спомна дека овдека еден од пратениците во име на два други пратеници има адвокати, кои што се обидуваат да го бранат на говорница, јас само ќе искоментирам и ќе реплицирам на следниов начин.

Господинот Караџоски е адвокат. Јас тоа го ценам и сигурен сум дека тој и како адвокат не би настапил така како што настапи на говорница и овој пат, а и претходнито , затоа што како адвокат ги знае и Уставот и Деловникот и по Уставот и по Деловникот го нема тоа право кое што тој си го зема за право. Но, бидејки во тоа време беше и заменик координатор во отсуство на координаторот, сепак, тој и покрај неговите , се надевам принципи професионални, мораше да изврши еден налог кој што му беше даден од партијата , овде на свој начин го спомна Бранко Црвенковски и неговиот настап во Прилеп.

Господине Караџоски, деловнички пратеник од говорница, не може да повика пратеник да коментира она што дотичниот пратеник го има кажано овде или надвор. Уште повеќе деловнички и Не може да го праша од говорница пратеникот, затоа што и со Уставот и со Делвоникто е регулирано каков е односот помеѓу пратениците. Но, нејсе, Вие ја искористивте таа прилика и спомнавте дека редно е да се извини пратеникот Бранко Црвенковски на граѓаните на Прилеп. Јас искрено да Ви кажам не ја гледам таа потреба, можеби ие ја гледате. Јас гледам една друга потреба , која што еве јавно ќе ја кажам, кога веќе станува збор за извинување кој кому треба да се извини. Се надевам дека ќе се согласите дека власта во РМ треба да им се извини на граѓаните на Република Македнија, дека власта во РМ треба да им се извини на граѓаните токму на Прилеп, затоа што Вие сте прилепчанец и знаете кои се условите на живот во Прилеп. Пред се, мислам на оние кои што се од доменот

на јавниот ред и мир, дали воопшто него го има во Прилеп, кој него го регулира, дали институциите на системот или институции во рамки на институции, потинституции на тој систем. Вие знаете добро кои се тие, кои што секојдневно спроведуваат свои јавен ред и мир и можам слободно да кажам дека толку треба да и се извини оваа власт на граѓаните во Прилеп од проста причина што во Прилеп после Тетово повеќе се пука. За разлика од тоа што во Тетово се пука во вис, барем во последниов месец, а во Прилеп се пука во човечки животи. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски Димитар.

Вие господине Чифлиганец се јавувате за реплика?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**:

За реплика на господинот Караџоски.

Почитуван потпретседателе, можеби немав намера да се јавувам за дискусија ако не ме поттикнеше уште пред минатата недела г-динот колега пратеник Караџоски, кога излезе на говорницата и очекував еден умерен однос по ова прашање кога зборуваме за Неготино, Прилеп и другите настани и кога потенцираше дека ние тука треба да зборуваме за политичкиот аспект на настаните, а веднаш во истиот момент ме изненади неговото контрадикторно однесување, кога пред да ги добиеме фотографиите , фактите од настаните во Неготино, ги покажуваше од парламентарната говорница фотографиите. Значи, во ист момент зборува дека треба политичкиот аспект да се анализира , а во ист момент се однесуваше како истражен орган.

Те прашувам колега Караџоски, како пратеник , а плус по професија како адвокат. Немој да си дозволиш адвокатската професија во наредниов период да ја девалвираш. Бидејки, адвокатската етика, моралот треба да биде на највисоко ниво, а вие се однесувате како бебе пријонер во адвокатската професија, со што ја потценувате и Прилепската јавност, Македонската јавност и највисокиот парламентарен дом.

Што се однесува до вашите пароли барате извинувања. Мислам дека со тоа , ниту опозиционите партии, ниту опозицијоната сериозна партија СДСМи нејзиниот лидер во овој момент со неговата енергичност и храброст Бранко Црвенковски не можете да го окуражите народот, бидејки во овој момент на макеоднскиот народ му треба потпора, а тоа се добронамерните граѓани, симпатизери и членовите на СДСМ. Затоа најголемото извинување треба да го направите пред своите колеги пратеници, пред своите граѓани во Прилеп и Македонија, овде со фактите со силата на аргументите да зборувате, а не да продавате магла. Јас повеќе Вас би Ве запрашал, тие добронамерни граѓани кога вие ги злоупотребувате од власта, од ресорните министерства, прво, на нив треба да им се извините и на твоите бирачи. Зашто, на залезот односно на почетокот од третиот милениум , твојот Град нема вода за пиење. А, ти и јас и сите ние сме должни да работиме за нашиот народ, а не овде да изигрaваме разни трикови. Затоа, те замолувам немој да не гледаш како бебиња, како пионери, бидејки ти си тоа, ништо повеќе. Од сега натаму Прилепската и Македонската јавност, ти си најголемиот професор што продаваш и што предаваш магла, а не да се бориш со силата на аргументите. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чифлиганец Ванчо.

За реплика се јави пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Искрено да кажам кога се пријави господинот Чифлиганец, очекував дека прво ќе ми се извини , затоа што кога зборував од говорница дирекно ме увреди што е недостоинствено за еден пратеник и не би сакал да го повторам тоа што тој го кажа. Ако веќе се декларира како таков во стил како што зборуваше, би било чесно да се извинеше, затоа што мислам дека не му бее намерата да ме увреди, а јас веќе така го третирам. Иако го кажа, не сакам да го повторувам, тој тоа го знае.

Да се вратиме на она што тука зборуваме. Господине Чифлиганец, дали сум јас адвокатски или незнам како ме нарековте таму, дали сум почетник или сум професор и како ја владејам адвокатската етика и професија, едно ќе Ви кажам, не сте Вие тој кој што треба да ми судите за таа работа.

Прво, не сте од тој домен, не сте адвокат, не сте ни судија, не сте ни јавен обвинител, туку сте сосема некоја друга професија, која со оваа професија и тоа како има многу малку допирни точки. За

мојата работа како адвокат, има кој да суди, а пред се Адвокатската комора. Но, Вие г-дине Чифлиганец заборавате дека јас овде сум пратеник, а не адвокат. Адвокат сум по занимање. Дали сте Вие директор по занимање. не, туку сте по занимање тоа што сте по професија. Јас работев како адвокат пред да станам пратеник. Во моментот кога станав пратеник, јас можам слободно да го искажувам своето мислење и не да ме цените од аспект на адвокат, туку да ме цените од аспект на пратеник како колега. Тоа е по однос на таа работа.

По однос на она колку сме сториле, колку сме направиле, колку јас сум се ангажирал со мојот ангажман и дали ќе ме познаваат моите сограѓани како професор по продавање магла, ќе каже господине Чифлиганец, пак ќе кажам, времето. не Вие, Вие најмалку можете да кажете. Има кој да каже за Вас, има кој да каже за мене. А , фала Богу за Вас сум слушнал многу, а за Мене многу малку. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**:

За реплика се јави г-динот Чифлиганец Ванчо.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас сум спортист и борач и се борам принципиелно , но на спортската арена , не позади неја, како што го прави колегата Караџоски. Извадете го колега Караџоски стенограмот од минатата недела на оваа парламентарна говорница. За не повеќе од 60 секунди рековте дека политичкиот аспект треба да се анализира овде. И, се сложувам со тоа. Ние сме парламент. Но, Вие во истиот момент, пред да ни се подели фактичкиот материјал за Неготино, Вие од каде имате такво ексклузивно право порано да го добиете и да изигравате истражен орган и да викате дека е преметнато , а не е обрнато возилото и т.н. Значи Вие изигрувавте истражен орган овде. Затоа, се чудам не како пратеник , сега како професија, по професија адвокат, Вие за неполни 60 секунди имате дијаметрално однесување. Мислам дека за толку ние можеме да осетиме. Професијата адвокатура адвокат, не може секој да биде. Веројатно и затоа ти реков ти тоа не можеш да го правиш.

Се чудам на било кој колега пратеник , Вие денес народен пратеник , повеќе иљади гласови добиле да не го осудиш физичкото малтретирање на граѓаните на Република Макеоднија плус ученици, плус малолетни во Неготино. Тоа да го направи мојот роден брат, јас тоа ќе го осудам. Ќе кажам, Вие немојте овде да продавате магла и да барате извинувања од луѓето кои со силата на рагументите зборуваат овде.

Затоа, г-дине Караџоски јас Ве замолувам кога ќе зборувате овде треба да имате респек спрема парламентот, према твојата прилепска и македонска јавност и да зборувате со силата на аргументите. Немојте да го потценувате македонскиот народ, затоа што тој за толку знае, што е бело , што е црно. А, Вие ако сакате на црното, бело или на белото, црно, тоа многу кратко ќе трае или за тоа има мал здив. Затоа бидете на висина на своите задачи како пратеник и како добронамерен граѓанин на Република Македонија. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За реплика се јавува колегата Караџоски Жарко.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Не мислев да реплицирам, меѓутоа навистина сум повлечен за јазик. Еве зошто? Господине Чифлиганец да зборувам за "Бучим" и за рудникот, навистина не држи место и незнам. Но, да зборувам за адвокатска професија и за тоа да ме судите и за тоа да ми кажувате, навистина е апсурд. Еве, сега, веднаш ќе Ви одговорам на она што ме прашувате. Од каде, ме повикувате како адвокат, тоа пет пати го повторивте, од каде ми се мене информациите или сликите , со кој ексклузивитет и со кое право. Токму со тоа право на адвокат што Вие го негирате. Треба да знаете дека адвокатот има допир во сите материјали, може да видите ако Ве интересира, ако настапувам како адвокат. Друго е прашањето како сум настапил, од кој аспект. Значи, ако сум настапил како адвокат, на тој начин Вие ме правдата.

Друго да Ве прашам, ако Мене ме повикувате од каде јас тоа право овде да изигрувам истражон орган и да мафтам со некои фотографии за кои што Вие сте номале материјал, да те прашам јас тебе г-дине Чифлиганец. Од каде го имаше тој ексклузивитет г-динот Бранко Црвенковски, кога овде мавташе со касети , со наредби, со документи, кои што прв пат ги слушавмо и ги глодавме. Дали само г-динот Бранко Црвенковски има такво право на ексклузивитет да мафта со докази кој прв пат ги видовме и дури и Не ги видовме, овде од говорница.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За реплика се јавува г-динот Чифлиганец, а потоа процедурално.Господине Флоровски....

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не, дојди и обиди се ти да ги исклучиш, пошто претеше кога беше тогаш, дојди и обиди се и исклучи ги кај мене, ако си толкав маж. Не дофрлувај и простани те молам. Ако си толку јак, дојди симни ме и исклучи ги. Па, ајде стани, дојди! Престани да се однесуваш вака. Молим те, со насилство ако сакаш можеме надвор да разговараме, зошто да ги исклучиме. Дали има потреба да ги исклучи. Барав процедурално. Ниту си претседател, ниту си потпретседател. Те молам, олабави малце.

Сакам друго да кажам, да му одговорам на г-дин Чифлиганец. Да престанете да манипулирате дека ВМРО-ДПМНЕ не го осудува насилството. Што значат 17 кривични пријави. Тоа значи дека правната држава функционира и секој оној кој посегнал по пат на сила да ги решава проблемите, ќе сноси соодветни консеквенци.

Сакам да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ која практикува власт во овие четири години прави максимални напори во правец на сузбивање на насилството, конкретно и во случајот и со Неготинската гимназија. За разлика од Вас во милион и еден случај , почнувајки од "ТАТ" господа, ни еден не извадивте од лицето на правдата. Овде устите и се цело време наполнети дека ВМРО-ДПМНЕ прави чуда, државен тероризам, насилство , а паралелно со тоа работат судските власти и во случајот Пауновски и во случајот на Неготинската гимназија со 17-те кривични пријави, а во Вашиот период, господо , не памтам една кривична пријава. Престанете да манипулирате. Никој нормален овде пратеник на ВМРО ДПМНЕ, а сите се сметаме, фала му на Бога за нормални, не е за решавање на прашањата од таа област или било која друга, по пат на насилство. Не дај Боже Некој да чепне мое дете, сигурно ќе реагирам многу жестоко. Можеби оправдан е и револтот на родителите.

Сакам да кажам дека кривичните пријави се поднесени, сега на ред е третата, судската власт кои параметри и која тежина ќе одреди за тие кои физички се обидоа и кои физички се пресметуваа со децата од Неготинската гимназија. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам господинте Флоровски, иако вие баравте процедурално да интервенирате, имаше реплика кон господинот Караџоски и господинот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Каде е Караџоски? Во интерес на времето, се повлекувам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Мрсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Прво, да му честитам на господинот Караџоски, затоа што според мене изгледа е морален победник, поради самиот факт што толку многу е напаѓан. Значи, наместо да се расправи идеја, тема, прашање, тука се врши еден дијалог, неводејќи сметка дека истовремено се узурпира правото на другите да дадат свое мислење, сугестија или предлог.

Прво, воопшто од почеток не се согласувам со начинот како се комуницира во ова Собрание и не сметам дека е умно, со банална комуникација дека ќе се реши нешто, од причина што ова Собрание тоа право го нема затоа што ова Собрание нема никакви аргументи да каже што и зошто нешто направиле професорите, зошто и што направиле учениците, професорите, родителите, тепачите и тн., затоа што тоа право го нема, ова не е истражен орган, туку едноставно овде, институција или власт која донесува закони, устав, па и одредени одлуки, и политички проценки ако е потребно во однос на тоа зошто нешто се случило, без да навлегува во тоа кој бил виновен. Затоа, тука постои об-јективна одговорност дека некој одговара затоа шт.о во одредено време се наоѓал на одредено место и точка. Но тука е едно важно прашање кое за жал не се покренува од покренувачите, а тоа е круцијално прашање. Имено, дали ние во постојните состојби, околности или односи имаме или немаме државен тероризам или државен терор или диктатура. Тоа е дилемата која треба да се расчисти. Значи, дали имаме диктатура или немаме, дали имаме терор или немаме или дали имаме насилство или немаме. Тоа е генерално што треба да се дискутира наместо тоа дали ученикот излегол таму, дали бил пред вратата на директорот и редица други банални работи.

Според мене, за да се објасни дали ние имаме терор во државата, дали имаме диктатура во државата, мораме да ја анализираме севкупната состојба и да дадеме објективен и аргументиран одговор. Имено, поимот диктатура или зборот

диктатура или терор, тој не постои сам за себе. Тој е белег и ги има своите елементи и компоненти. Тој не е фиксно име, односно диктатурата па и фашизмот немаат име и презиме. Тој има свои компоненти. Тој не е ни фантомска појава. Зошто велам така? Од причина што ако се анализира состојбата и околностите, ќе се констатира дека теророт или диктатурата исто така се гледа, се чувствува, тоа е организационен облик во институциите, тоа е функционален начин на дејствување и функционирање на државните институции.

Ајде да прочитаме нешто од историјата, поблиската или подалечната, во однос на политичките партии, па да видиме што значи зборот диктатура, терор или фашизам, кој тука бил спомнат кога јас не сум бил присутен. Имено, и тие држави и тие структури и тие партии кои практикувале фашизам никогаш не кажале јавно дека практикуваат фашизам. Имено, дури и тие држави чиј фашизам завршил со терор над милион луѓе никогаш не признале дека практикуваат, туку велеле дека нивните партии, синдикатот, националсоцијалистичката партија практикуваат националдемократизам или неосиндикализам и тн. Но за да објасниме и дознаеме што во суштина претставува диктатурата, теророт или фашизмот тоа мораме да го објасниме во однос на соодветните компоненти и потоа да видиме дали ние стоиме тука некаде во близина или во суштина и содржина или сме длабоко навлезени во овие компоненти. За да се објасни ова прашање, треба да се навлезе длабloко

во содржината на односите, севкупните односи во државата и општествените односи. Пред се треба да се гледа корпусот на правата и слободите на човекот и врз основа на овој сегмент, сите ние сме свесни какви забелешки и ставови имаат релевантните мегународни институции за ова прашање, владини или невладини, од ОБСЕ до Советот на Европа, НАТО, Европската Унија и тн., а да не зборувам за невладините организации. Потоа, за да објасниме дали имаме диктатура, терор, фашизам и др., мора да ги анализираме компонентите, содржините, општествените структури, функционализмот, организационите форми и да констатираме дали овие организациони форми, структури па и институции функционираат врз основа на закон кој е донесен тука врз демократска основа, па и по пат на консензус меѓу позиција и опозиција, или пак се работи врз основа на закон кој е донесен врз основа на мајоризација, што значи сепак еден терор во однос на тоа што не е мнозинство во Собранието како опозиција, или пак воопшто не се почитува ни првата ни втората варијанта, туку едноставно се работи за личен диктат на лица кои претставуваат државни институции и тука веќе слободно може да се каже дека се работи за диктатура, терор, па и фашизам. Значи, ова е еднос-тавно, ако не едноставна математика, тогаш може да се каже дека е едноставно кибернетика на компонентите кои ги сочинуваат овие општествени појави.

. . За жал, сега расправаме не би рекол за терицијални или секундарни работи, туку многу поважно, за содржините кои претставуваат функционализам на нашите институции. Ние чекаме да се случи на пример еден случај во Неготино за да расправаме како функционираат колку се одговорни нашите институции. Тоа е пред се наша одговорност, тоа зборува пред се за нас самите тука.

Каде сме ние во однос на овие сегменти и дали ние сме репресивна држава? За да докажеме, мораме да се согласиме прво дека репресијата не претставува само политичка компонента, тоа претставува и економска компонента, тоа претставува и социјална компонента, културна компонента, па за да констатираме каде сме ние тука, тогаш ако поаѓаме од економскиот сегмент, сите релевантни структури компетентно професионални имаат консензус дека ние имаме монополистичка партиска економија, што значи дирекно нарушување на основниот економски систем и Уставот на државата, што дирекно се рефлектира врз нездравата конкуренција на претпријатијата, фаворизирајќи ги и поддржувајќи ги државните партиски фирми, партиските претпријатија на штета на другите претпријатија што автомаски се рефлектира врз севкупниот економски живот, па и стандардот на луѓето.

Вториот сегмент, социјалниот сегмент, нашата состојба, сиромаштијата што ја имаме, исто така за жал таа милостиша што се поделува во вид на социјална помош и тоа е партизирано и тоа е сериозен елемент за терор и диктатура. Замислете, треба таа милостшва да се подели врз партиска основа, односно ако тој што бара таква помош,дали бил подготвен да помогне во однос на гласачката операција во прилог на партијата која е на власт. Чии се тие пари? Тие пари се на сите граѓани, а партиски се враќаат за да се корумпира гласачкото тело и тоа е една сериозна

компонента во прилог на тоа што јас го тврдам.

Третиот сегмент, ние исто така имаме консензус околу тоа дека државниот криминал и корупција.та е. во такви размери што слободно може да се каже дека нашата држава веќе држи светски рекорд од тој аспект. Замислете, парите од Телеком, парите од ОКТА, Саемот, Бучин и тн., замислете колкав износ е тоа, тоа е преку една милијарда и 200 милиони германски марки. Сега, првите луѓе на власта кажуваат дека тие пари се потрошени минатата година од одредени безбедносни причини, што не е вистина. Професионалните економисти кажуваат дека тој износ не бил повеќе од 280 милиони германски марки. Каде се уште милијарда германски марки? Па плус да кажам дека на тој износ од 280 милиони германски марки, 70% се покриени од тој таканаречен воен данок или данок на финансиска трансакција.

И четвртиот сегмент на државите или компонента на држави кои се наклонети кон диктатурата е партиската организациона структура на државната власт. Да видиме не само кој ја води државната власт, туку комплетната структура во државната администрација, па и во јавните претпријатија и да констатираме каква состојба има, а за жал тоа се коси и е во тешка колизија со професионалното, што е неопходно за да функционира државната структура.

Било што да кажеме тука, политички може се да се оправда, меѓутоа, едно е факт, а факт е дека ние сме веќе најсиромашна земја на светот, нашите граѓани се веќе најсиромашни граѓани на светот. Додека пред неколку години практично постоеле 50-тина држави после нас, во рангирањето во однос на сиромаштијата сега спаѓаме во категоријата на десетте најнеразвиени земји во светот. Со вактот што ние веќе добиваме кредити или помош од некои меѓународни институции кои ги помагаат само најнеразвиените земји во светот, тој третман веќе го имаме. А мислам дека поголема репресија и поголем терор од сиромаштијата нема.

Каде е излезот? Сто пати тука е кажано не само од мене туку и од многу покомпетентни луѓе, па и надвор од ова Собрание, па и од меѓународни институции, излезот воопшто не е комплициран. Само постои еден услов , а тој услов е да се има волја, барем. политичка волја, желба да се помогне на сопствениот народ, на сопствените граѓани и ништо повеќе. Значи, професионализам, департизација на државните институции, државната структура и другите јавни служби, одговорност во вршење на функциите. За жал ние како Собрание тука сме паднати на испит од причина што се случија такви драстични работи по однос на одговорноста па и корупцијата, ова Собрание не било во состојба да разреши барем еден министер, или некој јавен функционер што е избран од ова Собрание, или некој јавен обвинител, да не набројувам понатаму.

И третиот сегмент, криминалот да престане, по можност да се вратат тие пари кои некој ги држи. Вистинска трагедија е што прават нашите институции со луѓето, со граѓаните и јас навистина се срамам како во иднина ние ќе најдеме аргументи да им објасниме на идните генерации дека не сме направиле нешто кога сме можеле и сме морале да направиме. Никаде во светот не постои ваков пристап кон граѓаните, кон луѓето, не постои ваков ментален склоп и неодговорност, никаде негативното не се поддржува, а позитивното се охрабрува. Никаде чесноста не претставува будалаштина, а криминалот пофалба. Но прошетајте по другите земји, па да видите што значи човекот, што значи граѓанинот, што значи државна институција.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Најнапред сакам со индигнација да ги отфрлам сите навреди од страна на Социјалдемократскиот сојуз, упатенина адреса на ВМРО- ДПМНЕ и нејзините истакнати членови. Навредите од типот "терористи" "фашисти", "тирани", "апсолутисти" и посредно искажаните навреди од д типот "лажливци", "убијци", "хулигани" и тн. Самите зборови доволно говорат за оние што тие зборови ги искажаа, па од тука не наоѓаме за потребно да одговараме на таквите навреди, а оставаме јавноста да изгради сопствен суд и за зборовите и за оние што тие зборови ги изговорија.

Во текот на досегашната расправа, почитувани колеги, дојдовме до едно сознание, односно си го поставувавме цело време прашањето што беше идејата и целта на СДСМ со тоа што се свика оваа седница со ваква тема. Одговорот е Владата односно владеачката структура олицетворена во лицето на ВМРО-ДПМНЕ да

бидат прогласени за државни терористи, а се според логиката од поединечен кон општ заклучок.

Меѓутоа, каде е маната на тој заклучок?

Маната е во појдовната основа, кога поединечните случаи, таканаречените случаи Прилеп, Неготино, Охрид и тн., априори се третираат како истражени и докажани и се припишуваат на сторители од вмровска политичка проминиенција. Меѓутоа, од досегашнава дискусија и во текот на досегашната собраниска дебата се покажа дека ниту еден државен орган или негов припадник не учествувал во случаите на насил-ство што се спомнуваат во Предлог-заклучоците на СДСМ. Напротив, се докажа дека надлежните органи превзеле мерки на откривање и прогон на евентуалните сторители.

Инаку, ВМРО-ДПМНЕ осудува секаков вид политички мотивирано насилство, а особено мотивите за создавање несигурност на населението во кризните региони и попречување на враќањето на раселените лица во нивните домови.

Во оваа прилика сакам да укажам на појавите на вербални навреди и. понижување упатени на припадниците н.а формациските единици на безбедносните сили на Република Македонија од страна на политички функционери на одделни партии во нивните јавни настапи на трибини и други собири. Како еклатантен пример го посочувам случајот на трибината на СДСМ во Прилеп и Струга каде во континуитет лиедорт на СДСМ со навредливи зборови, нарекувајќи ги припадниците на безбедносните сили "припадници на животинското царство" ги навреди истите и не најде за потребно и не најде сили и доблест на истите да им се извини. Имено, шкорпионите, волците, лавовите, тигрите се всушност формациски сили на безбедносните сили на Република Македонија, формирани во согласност со нашиот правен систем. Доколку некој има забелешки на законската заснованост на нивното постоење, треба да по-веде соодветна постапка повторно во согласност со правниот систем, а не да држи говори и да ги омаловажува и навредува, поистоветувајќи ги истите со животинско царство.

Република Македонија се наоѓа во чувствителна фаза во совладувањето на кризата. Затоа, крајно неодговорно е кога во политичките говори на лидерите на одделни партии, кои спротивно на законот ја почнале предизборната кампања, ги поттикнуваат граѓаните на насилство, најавувајќи дека ако до одредена дата нема предвремени избори, тогаш насилно ќе ја срушат Владата или да се прават претпоставки за можни фалсификати на изборите и наметнување на белградски сценарија за рушење на легалната власт.

Ние мора енергично да укажеме, а тоа треба да го стори и Собранието како институција, дека таквите настапи, без оглед што им е целта на нивните автори, имаат ефект на создавање конфузија, на слабеење на демократските институции на системот, создавање на атмосфера на нихилизам во државата и поттикнување на насилство како општо правило во политиката.

Што се однесува до таканаречениот случај со гимназијата во Неготино, убедени сме дека со Предлог-заклучокот поднесен од СДСМ е изместено тежиштето на проблемот. Имено, во што се состои политичката позадина на случајот?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:** (Продолжение)

Одговорот е дека од страна на одредени политички структури е извршена манипулација со дел од учениците во Гимназијата во Неготино. На истите им е дадена марионетска улога да бидат фактор на кадровските промени во таа гимназија, а на сите ни е јасно дека и моралот и меѓународните конвенции забрануваат употреба на децата, се мисли на неполнолетни граѓани односно ученици за остварување на политички поени и цели. Значи, примарно, во случајот со Гимназијата во Неготино е прашањето кој ги изманипулирал учениците за истите да станат фактор на кадровските промени во таа гимназија?

Инаку, втората работа, употребата на сила врз така изманипулираните деца, би рекол и сторители, малолетнички сторители на кривично дело, узурпација на слободата на движење на директорот во еден одреден момент, ние како политичка партија го осудуваме.

Што се однесува до случаите во Прилеп и Охрид, и за нивната политичка мотивација морам да констатирам дека дискусиите на пратениците од СДСМ не беа засновани на никаква фактични докажана состојба, туку истите дискусии беа искористени за прогласување априори виновници во лицето на припадници на ВМРО-ДПМНЕ и со помош на инсинуација и шпекулација создаваше привид или слика во јавноста за поврзаноста на овие случаи со ВМРО-ДПМНЕ.

Од ова место сакам да соопштам на јавноста дека и ние, со истото право што и припадниците на СДС си го дадоа самите на себе си, овие случаи можевме да ги припишеме на СДС, меѓутоа не сакавме да правиме таков политички маркетинг и класична вербална злоупотреба на оваа говорница во функција на партиски цели и интереси.

Што се однесува до случајот во село Теарце, за истиот сметам дека е насочен кон заплашување на раселените лица, во функција на нивна

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ**: (Продолжение)

Одговорот е дека од страна на одредени политички структури е извршена манипулација со дел од учениците во Гимназијата во Неготино. На истите им е дадена марионетска улога да бидат фактор на кадровските промени во таа гимназија, а на сите ни е јасно дека и моралот и меѓународните конвенции забрануваат употреба на децата, се мисли на неполнолетни граѓани односно ученици за остварување на политички поени и цели. Значи, примарно, во случајот со Гимназијата во Неготино е прашањето кој ги изманипулирал учениците за истите да станат фактор на кадровските промени во таа гимназија?

Инаку, втората работа, употребата на сила врз така изманипулираните деца, би рекол и сторители, малолетнички сторители на кривично дело, узурпација на слободата на движење на директорот во еден одреден момент, ние како политичка партија го осудуваме.

Што се однесува до случаите во Прилеп и Охрид, и за нивната политичка мотивација морам да констатирам дека дискусиите на пратениците од СДСМ не беа засновани на никаква фактични докажана состојба, туку истите дискусии беа искористени за прогласување априори виновници во лицето на припадници на ВМРО-ДПМНЕ и со помош на инсинуација и шпекулација создаваше привид или слика во јавноста за поврзаноста на овие случаи со ВМРО-ДПМНЕ.

Од ова место сакам да соопштам на јавноста дека и ние, со истото право што и припадниците на СДС си го дадоа самите на себе си, овие случаи можевме да ги припишеме на СДС, меѓутоа не сакавме да правиме таков политички маркетинг и класична вербална злоупотреба на оваа говорница во функција на партиски цели и интереси.

Што се однесува до случајот во село Теарце, за истиот сметам дека е насочен кон заплашување на раселените лица, во функција на нивна демотивација за истите да се вратат во своите домови. Оттука, сметаме дека сите пратеници, без оглед на нивната етничка припадност треба да го осудат овој чин на класично насилство врз Тодоровски Павле, без огле кој и да го сторил тоа.

Во принцип сме за тоа надлежните институции на извршната, судската власт да продолжат со своите активности во функција за целосно расветлување на сите случаи на насилство, без оглед на природата, на нивната мотивација.

На крајот би апелирал до сите граѓани на РМ и до сите политички партии, а особено до членовите на нивните раководства, во својата активност да не поттикнуваат на насилство, туку напротив да делуваат смирувачки и одговорно, а се за доброто на Република Македонија.

Почитувани колеги, со оглед на тоа што содржината на ова мое излагаwе не корсепондира или во најголем дел не кореспондира со предложените заклучоци на СДС, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ако воопшто дојде до чинот на гласање, со оглед на бројот на присутните пратеници ќе гласа против заклучоците, предлог заклучоците на СДС. Од овде можам да соопштам дека Информацијата поднесена од владата во целост ја прифаќаме.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам на господинот Краљевски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Јас господине Андоновски, го заклучив претресот. Прашав, никој немаше пријавено.

Можете процедурално, доколку имате да земете збор.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господин потпретседателе, имам право да се изјаснам како ќе гласам за заклучокот, бидејќи го заклучивте претресот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине Андоновски, јас во сценариото што е припремено за водеwе на седницата требаше понатаму да соопштам дека координаторот на пратеничката група има предложено и кога ќе дојдевме до

гласањето вие ќе кажевте како ќе гласате. Инаку ако не ви смета можете тоа да го направите тогаш. Да одиме по ред како што е деловнички.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Добро по заклучувањето на претресот, да се гласа. Ќе ги предложите заклучоците на гласање. Така ли. Го заклучивте претресот. Јас можам да појдам до онде и потоа да кажете дека ги предлагате заклучоците да се гласаат. Така ли? Ако е така можам да се вратам ако не да продолжам бидејќи се работи за заклучоци кои што не се уставно издржани. Затоа сакам да укажам пред да се гласа да не се гласа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам господине Андоновски за разбирањето.

Почитувани колеги, координаторот на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз Никола Поповски во име на пратеничката група поднесе предлог на заклучоци кој Ви е поделен.

Предлогот на заклучоците, пред да го ставам на гласање, дали некој од пратениците сака да каже како ќе гласа.

Повелете господине Андоновски.

Ги молам службите да констатираат колкав број на пратеници имаме во салата.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Пред да се гласа, да се изборјат пратениците колку има.

Меѓутоа, пред да се гласа имам правр да кажам како ќе се гласа. А потоа нека се изборјат пратениците дали има кворум за да се гласа. Мислам дека на тоа имам право, потпретседателе Јас, прво, пред нас ги имаме предлогот на заклучоците на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз, па само неколку точки ќе прочитам од тие заклучоци, да видиме, па потоа ќе споредам со Уставот дали можат такви заклучоци да се предложат односно да се гласаат.

Не одам на првата, втората, третата точка, туку одам веднаш на точката 4:

"Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и другите надлежни органи да ги преземат сите мерки во насока на елиминмирање на физичкиот и друг вид на насилство заради постигнување на политички цели и нормализирање на состојбите".

Потенцирам - Собранието ја задолжува Владата. Точката 5:

"Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија на секои 60 дена да го информира Собранието на Република Македонија за евентуалните насилства за политички цели".

Се прашувам, дали предлагачот, односно пратениците на Пратеничката група на СДСМ вакви заклучоци поднеле поради незнаење, односно непознавање на Уставот или пак имало други причини? Ако е поради непознавање на уставните одредби, тогаш ќе им простиме. Меѓутоа, ако има други причини мислам дека не би требало да се поднесуваат вакви заклучоци.

Имено, вакви заклучоци можеа да се поставуваат кога беше Извршен совет на Собранието. Јас ќе ви прочитам како гласат одредбите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Мислам дека некои од СДСМ веќе се согласуваат со ова....

(Реакации од страна на пратениците).

Вели дека, во членот 392 од Уставот на СРМ, вели дека "Извршниот совет е извршен орган на Собранието". Значи, самиот кажува, оваа одредба кажува дека е извршен орган на Собранието. Ако е извршен орган на Собранието, тогаш како ќе му диктира Собранието така ке работи.

Понатаму,"Извршниот совет е одговорен пред Собранието за извршување на законите и на другите општи акти на Собранието и одговорен (потенцирам) одговорен за спроведување на политиката на Собранието". Да.

(Негодување од страна на пратениците на СДСМ).

Понатаму, членот 393, "Извршниот совет ја следи состојбата и остварувањето на политиката на Собранието и му предлага на Собранието утврдување на политиката". Значи, ја следи состојбата и остварувањето на политиката на Собранието. Ама, Извршниот совет.

Понатаму, "Извршниот совет се грижи за спроведување на политиката на Собранието".

Членот 403 вели - "Извршниот совет е должен (пазете, должен) да го известува Собранието за својата работа". А, како го известуваше? Преку извештаи. Поднесуваше годишни извештаи. Е сега, јас

ќе ви го споредам ова сега, веќе имаме Влада, немаме Извршен совет.

Во Уставот на Република Македонија,во членот 88 вели: "Владата на Република Македонија е носител на извршната власт". Гледате каква разлика? Не е извршен орган на Собранието,туку е носител на извршната власт.

Понатаму,"своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите".А овде вели "е извршен орган и ја спроведува палитиката на Собранието". Каква разлика има измеѓу извршен . орган и Влада.Владата е посебна извршна власт. Самостојна. Како самостојна извршна власт, таа си ја врши својата функција самостојно и независно. Не можеме ние, господо, на секои 60 денови да ја задолжуваме да поднесува извештај. Таа е должна да работи според Законот и уставот. Оттука произлегува тоа а не од нашите заклучоци.

Понатаму, членот 91 вели: "Владата ја утврдува (пазете ја утврдува) политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието". Значи, "ја утврдува". А ваму вели "ја остварува политиката на Собранието". Значи, тоа е огромна разлика. Ние мораме тие разлики да ги разграничиме, дека веќе сме паралментаризам, а не сме собраниски делегатски систем.

Понатаму, за Собранието тогаш, која надлежност ја имаше? Мислам на надлежност во однос на Извршниот совет. "Собранието може да укине или поништи пропис (внимавајте)...

(Џагор во салата, а потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето)

"Собранието може да укине или поништи пропис на Извршниот совет...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Андоновски, ве замолувам да привршувате, бидејќи вашите пет минути поминаа.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Потпретседателе, бидејќи ова се важни заклучоци и ако поминат вака, неуставно, мислам дека ќе направиме некој преседан, ќе го кршиме уставот што не е дозволено.

"Собранието може да укине или да укине пропис (значи Собранието на СРМ) што е во спротивност со Уставот, законите или друг пропис или општ акт на Собранието". Дали може сега Собранието тоа да го прави?

Не може. Ама, кога беше извршен орган на Собранието,тогаш можеше да му прави што сака.

Понатаму: "Собранието врши политичка контрола над работата на Извршниот совет", што и сега вршиме, меѓутоа со таа разлика и вели: "ја насочува нивната работа" според Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Ама,сега, ние не ја насочуваме работата. Изворно таа произлегува од законите и од Уставот. Немаме друго.

Потоа "Го именува и разрешува секретарот на Извршниот совет". Што не може. Мислам дека сето тоа не може.

"Ги претресува извештаите на Извршниот совет односно на републичките органи и на судовите".Па тогаш, бидејќи имаме три власти, една е законодавна, потоа извршна самостојна и судска, тогаш да бараме на секои 60 дена и судовите да поднесуваат извештаи за тоа како ги спроведуваат законите врз основа на Уставот на СРМ.

(Реакции во салата, претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Јас, сакам уште ова да кажам...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ве молам да привршите господине Андоновски. (Дофрлување од место)

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ**:

На крајот сакам уште ова да кажам, бидејки му се брза на потпретседателот...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Не, така е регулирано во деловникот, а мене воопшто не ми се брза.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Во деловникот е многу нешто регулирано, меѓутоа, никој не го почитува, почнувајќи од сите нас овде.

На крајот, сакам да искажам дека не можат да се предлагаат, а уште помалку да се донесуваат вакви заклучоци што не се во согласност со уставните одредби за самостојноста на втората, таканаречена извршна власт, туку постојат други институти. Мислам дека некои од пратениците на СДСМ ги знаат тие институти. Не сакам да ги потенцирам. Тоа се други институти што вршат политичка контрола на извршната власт а не преку заклучоци. И, не може заклучок да биде над Уставот, односно над законот.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам, иако го пролонгиравте времето што беше предвидено.

Дали некој друг бара збор?

Збор бара господинот Поповски Никола.

(Дофрлаше од место)

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Е сега,почитувани пратеници, од вакво толкување на Уставот на Република Македонија и од вакви толкувања на начинот на кои работи Собранието, знаете што произлегува?

Од вакви толкувања од овие господа, произлегува дека Владата може да ви достави закон со кој воведува данок што треба да важи од 1 јули до 31 декември 2002 година, тоа да се архивира во нашето Собрание, тоа да го изгласаме овде, заедно со вас господине Андоновски и вие, после тоа, врз основа на Уставот овде, во кој се колнете, а кој го читате од пред 15-20 години, да го измените законот и граѓаните финансиски да ги оптоварите со тој данок од 1 јануари, затоа што министерот згрешил?! И, вие имате таква слрбода на толерирање на грешките на министерот, да можете со вашите 6 пратеници во ЗПК да го смените законот што го донел Собранието, врз оенова на Уставот, што исто вака слаткоречиво го елаборирате и во јавноста и овде. Е сега, да ви кажам уште нешто.

(Дофрлање од место)

Во врска со заклучоците што ги базирате на Уставот, да ви соопштам уште нешто.

Денеска имаме точка на дневен ред што гласи - Информација за настаните во Прилеп, Неготино, Теарце и Охрид. Инфромацијата горе има наслов - Влада на Република Македонија. Потпишана е и ставен е печат од Владата на Република Македонија за, со неа да расправа Парламентот.

Вие овде споревте господине Андоновски 10 минути дека не може ние да бараме од Владата да ни поднесува информации, меѓутоа, информацијата е точка за која денеска расправаме. Она што го бараат заклучоците а што вие за жал неможете да го разберете е дека ние бараме од Владата на 60 дена да доставува ваква информација во Собранието.

Сега, што е проблемот со вас што вие мислите дека може да биде по барање на Собранието, кога ние сакаме, а дека не може да биде во редовни термини од 60 денови?

Трето...

(Реакции од страна на пратениците).

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Ако Владата и другите органи на Собранието, не се извршни, извлекувате констатација дека тие не можат на Собранието да му даваат отчет за својата работа, во вид на извештај и информација. Тука сте во право, меѓутоа тоа ваше право произлезе откако господинот Саво Климовски и Стојан Андов се избраа и реизбраа за претседатели на Собраниево, затоа што ние, не само со Уставот, туку и со десетина други закони сме утврдиле дека на ова Собрание годишно му се доставува извештај или информација од својата надлежност по закон и по Устав, на пример за МРТВ, Совет за радиодифузија, Народен правобранител, за трошење на средствата од Агенцијата за приватизација, на Шест месеци и тоа е со закон утврдоно. Се разбира вие тоа го третирате како некаков социјалистички манир и заради тоа не ги ставате извештаите на расправа во Собранието, затоа што имам впечаток Дека тоа малку Не Се подудара со вашето разбирање на Уставот. М^ѓутоа, вашето разбирање на Уставот и во врска со тоа Дека Владата треба да доставува информација и во врска со тоа како вие како претседател на ЗПК имате законодавна надлежност, со Уставот на Ропублика Македонија, по принципот - сонцото, кралот, државата и тн., тоа сум јас. Претпоставувам Дека од Сега натаму на Собранието и инфомрации да собира од Владата. Затоа, господине Андоновски да ви укажам само на едно:

Тоа што вие го правите со вашето толкување на Уставот е тежок аматеризам, а тоа што ги критикувате заклучоците на ова Собрание, само кажува дека вие не сте спремни да се соочите со работата на Собранието.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Поповски, требаше само да кажете како Ќе гласато.

Дали има уште некој од пратениците кои сака да каже како ќе гласа?

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, дојдовме до моментот кога ќе треба да одлучуваме за заклучоци

кои се предложени од Никола Поповски, во име на пратениците на СДСМ.

Јас ќе имав намера да гласам против насилство, ако, како што најавив, не државно, туку насилие на СДСМ, затоа што овие заклучоци се последица на две работи. На организатор на извршување на настани и учесници во извршување на настани.

Првиот дел, овде некои се спореа дали некој пристанува да направи Нешто дирекно во Неготино. Во Неготино, господо неспорно излезе дека на колегата Ѓорѓиевски кој е студент на втора година, дошол да се буни против директорката затоа што не сака таа да биде директорка, затоа што не се согласувал со таа работа. Јас незнам дали е тоа ученик, дали тој не е пораснат над 18 години, како член на СДСМ и дали дошол само мири или да се тепа.

Понатаму, што барале учениците да водат **и** да бараат од директорот да поднесе оставка. Како може на кој како ќе му падне на памет, ученици и тн., да менуваат директори, да менуваат професори, освен на луѓето од СДСМ во Неготино, кои се силни, можат да прават што сакаат и Денес да ни предложат заклучоци.

Тие заклучоци би ги прифатил само под едно име, насилие на СДСМ. Зошто, од каде му е коренот. Коренот е кога бегаат односно кога доведуваат затврреници од Идризово да продаваат дрога. Ве молам, немојте да чекате, затоа што беше со име и презиме, господин Љубомир Поповски.

Нашиот Завод за осигурување тогаш го плати возилото, го пушти синот на Џаферовски затоа што кај него беа дојдени пет килограми дрога .......................................

(Реакција во салата - што има тоа врска со заклучоците)

Има, зошто не сакам да гласам, затоа што тој тероризам не е на државата, туку е на СДСМ, а немам таков заклучок.

Понатаму, што бива. Таму беа пет килограми со утврдена судска постапка, од кои се кокаин. Половина килограм е најдено кај него на дилање, другите четири и пол се ангажирани за шефот кој имал криза, па земи државна кола, скрши кола, да го лечиш шефот од наркоманија.

Имаме некој министер во тренерки однел пари. Се прави луд сега овде, кој може да направи сила.

Затоа кажувам дека не можам да гласам за овие заклучоци и ги молам овие кои сакаат да бидат заедно со мене, да не ги прифатат овие заклучоци, туку да ги одбијат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам господине Стојановски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Слободан Даневски

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потретседателе, дами и господа пратеници,

Немав намера да се јавувам за збор по оваа точка, затоа што тука се инволвирани децата и секое насилство спрема децата го осудувам.

Очекував дека колегите од СДСМ ќе имаат ист третман. И ако е некој виновен за она што се случувало во Неготино, верувам дека се случувале такви настани, се користат децата за било какви пропаганди и насилието е сигурно за општа осуда. Многу рано почна кампањата. Мене ми е многу жал што знам од прилика што ќе се случи. Бидејќи ова почна од Неготино со децата, ќе биде тотална војна меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Тотална крвава граѓанска војна. Едните нема да ја дадат власта, другите со сила сакаат да ја земат власта. Тоа ќе биде реалноста во Македонија. На СДСМ му се брза, бидејќи на Бранко ќе му се растури партијата, по кажувањата на Тито Петковски и на Никола Поповски. Партијата е веќе поделена 60:40, оди во прилог на Тито Петковски веќе 50:50. Немаат време, ни предвремени избори не ги спасуваат.

Јас сакам да зборуваме за принципите, затоа што, вие госпоѓа Шекеринска да слушате малку, немој тука да ни кажувате фашизми. Да си седите таму мирна, бидејќи вие веќе ја претеравте.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Даневски, ве молам немојте да ја злоупотребувате говорницата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Токму затоа што вие дозволивте да се крши правото на говорницата, бидејќи нема обраќање пратеник на пратеник и јас ја злоупотребувам. Вие лошо ја водите седницата господине Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Вие може да зборувате што сакате.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Зборот ми беше за принципите.

Кога зборуваме за принципие, се случи онаа година, локалните избори, се криеа моите деца. Тогаш, А-1 телевизија, па дел и Сител, Скај нет, новинари, евтино место купено, пишуваа. Тоа не беа деца, не беше тоа важно.

Јас тука зборував уште пред 4-5 години дека во Свети Николе во гимназијата има наркомани, дека директорот е вмешан. Тогаш беше тетка, оговарачка Софија Тодорова министерка и испадна, еден ученик почина и испадна, седум деца кои се зависници отидоа на лечење. Тогаш господинот Поповски седеше и ќутеше во клупите, не стана да каже за принципите, за децата, за однесувањето. Ако се принципи, јас го почитувам господинот Поповски, тогаш требаше да реагира. Тој тогаш беше ставен во ќоше, го ставија во изолција, немаше што да прави во СДСМ и траеше, медитираше. Сега му пораснаа апетитите, гледа дека паѓа Црвенковски, гледа дека ќе го замени. Тоа е друго. Работете си ја вие таа функција, туку имајте принцип во однесувањето спрема говорницата. И во Свети Николе беа децата, како што и сега се децата, и во Свети Николе беше дрогата и тука е исто. Зборувам за принципи. Немаме принципи. Децата не треба да ги инволвираме во овие настани, туку да ги оставиме. Инаку, имавме случаеви кога и Албанците користеа деца, со трување и т.н. Да ги оставиме децата. Ги инволвиравме децата, се сликаат и со униформи и со автомати, почнавме во Битола, во Прилеп. Оставете ги децата. Ние ако сме ја ставиле главата во торба, ние сме тие што ќе одговараме. Немојте да ги индоктринирате децата.

Како што тргна кампањата, нема да има избори, ќе има граѓанска војна, што мене ме плаши, меѓу Македонците. Ова ќе се случи. Тоа со Албанците што требаше го завршивме, како го завршивме незнам, кој е победник а кој губитник незнам, но знам, историјата се повторува. Историјата се повтори во Охрид, историјата ќе се повтори и на есен. Крвави избори ќе има. Нема да има победник. Се.лажат тие дека ќе се зема **и** ќе се добие власта. Крвави ќе бидат изборите.

Јас го прекршив ова мое јавување, но само уште две секунди. Ве молам сите да ги оставиме децат. Во избори идете вие господа, а немојте да се криете позади децата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор бара господинот Илија Георгиев.

**ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ:**

Добро рековме да ги оставиме децата.

Јас најодговорно во овој Парламент можам да птврдам дека настаните во Неготино најдобро и најизворно ги знаат сите граѓани во Неготино и онеи родители чии деца учат во гимназијата и пошироко.

Ако синот на пратеникот Георгиев, Душко Георгиев, втора година на економија е оквалификуван дека бил таму и дека сеел тероризам, тоа е ноторна лага. Ниту бил таму, а тој е едно од најпримерните деца во Неготино, добар студент, визави синовите на многу парламентарци во овој Парламент, кои направи безброј безобразија. Моето дете, слободно можете да прашате и во МВР, дали има направено еден екцес.

Ве молам, случајот во Неготино не е ниту политичка работа, ниту работа на СДСМ ниту на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е проблем кој е предизвикан од актуелниот директор и министерот кои не сакаа да го решат проблемот цели 12 месеци. Немојте да зборуваме дека е тоа политичка авантура од која некој сака да поентира. За тоа најдобро говорат граѓаните на општина Неготино. Таму, на митингот, после настаните се најдоа родители чии деца беа тепани. Дали децата беа инволвирани намерно или ненамерно, во тоа не навлегувам. Мислам дека децата треба да ги оставиме на страна, а она што се случи, насилието, треба да се осуди бидејќи актери на тоа точно знаеме кои се и точно стои во информацијата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор бара господинот Кирил Андоновски.

Вие господине Андоновски кажавте како ќе гласате.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Десет пати беше прозиван господинот Никола Поповски, ми ја чита информацијата. Јас ја знам информацијата. Информацијата не може да заврши господине Поповски. Ако вие незнаете, треба да прашате некој што знае, таму позади вас, а тој добро знае дека, да зврши со заклучок и да се задолжува Владата со заклучок, бидејќи Владата е задолжена со Устав и закон, а не со заклучок. Ниту со вашиот заклучок може да се промени Устав, ниту законот. Од

друга страна најлошо е тоа што постојат други институции што веројатно не ги знаете, меѓутоа, прашајте го тој позади вас, ќе ви објасни кои се тие институции, јас не сакам да ви ги кажувам. Тогаш може да заврши така информацијата, а не со заклучок и она социјалистичко, ја задолжуваме Владата. Владата е должна тоа да го работи, без да ја задолжуваме ние, а на секои 60 дена ќе ви поднесува извештај. Таа мора да си ја врши работата. Вршејќи си ја работата таа ја остварува функцијата како извршна власт, посебна власт, а не како Извршен совет. Меѓутоа, тоа е ваш проблем што не ги разбирате тие работи.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор бара господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По истиот принцип по кој господинот Андоновски доби право на реплика, сакам и јас реплика и таа ќе трае едена минута.

Господине Андоновски, мене ми е непријатна оваа расправа, затоа што се одвива меѓу еден економист и правник, во која правникот навистина покажува сериозни проблеми со познавање на Уставот.

Господине Андоновски, оваа информација не е ни со закон, ни со Устав утврдена на дневен ред. Значи, утврдено е со заклучок на ова Собрание, да се стави на дневен ред. Со таков ист заклучок може и по 60 дена Владата тоа да го направи.

Инаку, од тоа што вие го познавате Уставот, пвоторувам дека сите ние плаќаме дневно по 1% данок затоа вие сте го ловеле, согласно вашиот Устав, што го имате во главата, тој данок во Република Македонија во траење од шест месеци, со од прилика ефект од една милијарда марки. Толку е вашето познавање на Уставот. Трунка познавање да имавте на Уставот, ќе знаевте дека оваа иформација не е уставна и законска, туку е со заклучок и тронка респект да имавте кон Уставот, немаше да објавите закон со ваш потпис, како претседател на ЗПК и да не задолжите со финансиски давачки, туку ќе баравте да се врати на Собранието.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да избројат колку присутни пратеници има во салата.

Господинот Љубомир Поповски, се јавува збор да каже како ќе гласа.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас ја користам оваа можност само да упатам една сугестија на колегите, да го имаат предвид следниот факт, бидејќи овде од неколку

колеги беше искажано од кои причини тие нема да ги поддржат заклучоците,

а ќе ја поддржат информацијата на Владата. Имено, јас ќе го прочитам насловот на дописот.

Вели: "Во врска со нашето писмо, под горниот број и дата, во прилог ви ја доставуваме Информацијата на Владата на Република Македонија за случаите на употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид", што Собранието треба да го разгледа на седницата што ќе се одржи на 6.02.2002 година. Значи, Владата, ве молам, вашата Влада што парламентарното мнозинство ја поддржува, констатира дека станува збор за насилство во сите четири случаеви.

Да ви го прочитам првиот заклучок што го предлага пратеничката група на СДСМ:

"Собранието на Република Македонија ја осудува употребата на насилство во случаите во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид. Собранието констатира дека во сите 4 наведени случаи на употреба на насилство постои политичка позадина и дека употребата на политичко насилство за политички цели во Република Македонија се зголемува, (не вели ни од ВМРО-ДПМНЕ ни од СДСМ), Собранието искажува загриженост за ваквиот развој на настаните во Република Македонија".

Господинот Чедомир Краљевски, колку што го сфатив апелира на таа работа. Токму таков е четвртиот заклучок.

"Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и другите надлежни органи да ги преземаат сите мерки во насока на елиминирање на физичкото и друг вид на насилство заради постигнување на политички цели и хармонизирање на состојбата".

Тоа беше суштината на неговото залагање.

Сега колеги, боде точка три каде што се бара одредена политичќа одговорност од соодветните министри, особено за министерот за

образование, господинот Ненад Новковски, кој еден ваш колега го нарече"бик кој се залетал по црвената марама".

Вие го спомнавте и тоа насилство во вид на тепање на ученици и вие го осудивте.

Не гледам никаква причина зошто овие заклучоци да не се подржат и да не се усвојат, дотолку повеќе што дирекно кореспондираат и се во непосредна врска со наводите во самата иформација каде што е запознаено и МВР. Дали сега овде се работи за преземање на нечија друга одговорност, или кабает, што вели нашиот народ, па ние сега овде ќе ја белееме работата. Тоа мислам не оди во прилог на самите наши колеги.

Според тоа, мислам дека апсолутно заклучоците кореспондираат со Информацијата која е доставена од Владата. Значи, Владата се согласува со таквата Информација. Таа констатира употреба на насилство во сите четири случаи. не ја гледам причината зошто тоа да не биде поддржано.

Што се однесува до забелешката на господинот Томислав Стојановски, кој во неколку наврати, мислам дури и од минатиот период тоа постојано го спомнува, јас го молам навистина да посочи било каков доказ за моја инволвираност во случајот на синот на господинот Алил Џаферовски за мое наводно користење на службено возило, јас да одам да му помагам од затвор, па сум го искршил и тн. За сите тие работи постои, ако е направен таков скандал во сообраќај, постојат записници и тн. Мислам дека е ред и поштено да покаже било каков доказ, а не да манипулира. Инаку, тоа апсолутно можам да му го припишам на негова намалена пресметливост и негово елементарно воспитување, а да не зборуваме за еден своевиден парламентарен тероризам што господинот Томислав Стојановски го спроведува, бидејќи јас не памтам, откако сме во овој состав, ни една седница кога тој ја води, да не заврши со скандал.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине потретседателе, почитувани колеги, Јас во текот на општата расправа го искажам ставот на пратеничката група и јасно соопштив дека пратеничката група односно ги соопштив причините поради кои пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа против предложените заклучоци од СДСМ и не гледам сега причина колегата Љубомир Поповски да го вади тоа од контекст и да кажува со што јас сум се согласил, а со што не сум се согласил. Јас бев јасен на говорница.

На вас ви упатувам една процедурална забелешка да ја водите седницата според Деловникот. Нема сега потреба од дупла расправа. Секој кој сакаше да се искаже, се искажа. Тие пет минути се дозволени за да се искаже секој од пратениците како ќе гласа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам господине Краљевски. На место ви беше забелешката, меѓутоа, страста кај пратениците е многу висока.

Бидејќиниој друг не бара збор, предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Очигледно немаме кворум во салата.

Ги молам пратениците што се фоајето да влезат во салата и ги молам службите да избројат колку пратеници имаме во салата.

Почитувани колеги, во салата има присутни 59 пратеници.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го извршиме гласањето.

Бидејќи направивме напори да се обезбеди кворум за да го извршиме гласањето по повод заклучовите кои беа предложени, а немаме кворум за да изгласаме, ја прекинувам седницата, а за продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)